


# Македонски глас


БРОЈ

**46**

GODINA XII. 2006
АПРИЛ-ЈУЛИ
TRAVANJ-SRPANJ
ЦЕНА 5 кн

ISSN 1333-7769

# ПЕТТИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО МАКЕДОНИЈА

Во Република Македонија, на 5 јули годинава, се одржаа петтите парламентарни избори од нејзиното осамостојување. На изборите беа регистрирани1.741.449 избирачи на 2.976 избирачки места, кои имаа можност да го дадат својот глас за 33 кандидатски листи со 2.700 кандидати за 120 пратеници во македонското Собрание. Изборите ќе ги следеа 6192 домаши и 493 странски набљудувачи.

Според конечните резултати, опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ на Никола Груевски освои 32,5% од гласовите, а СДСМ на досегашниот премиер Владо Бучковски 23,3 %.

"Тоа е победа за Македонија", изјави Владо Бучковски, и покрај тоа што го призна поразот.

М.А.В.

# ТРЕТА СЕДНИЦА НА КОЛЕГИУМОТ НА "МАКЕДОНСКИ ГЛАС"

Риека: Колегиумот на списанието "Македонски Глас" на 3 јуни годинава во Риека ја одржа својата 3-та седница, по иницијатива на МКД "Илинден", а во чест на новодобиените простори.

На почетокот, претседателот на МКД "Илинден", г. Илија Христодулов го поздрави колегиумот на МГ, посака добра и плодна работа, меѓусебни разбирања и пријатен престој во Клубот на Македонците во Риека. Потоа, седницата ја водеше главната и одговорна уредничка, г-ѓа Марина Апостоловска- Вујаклија.

Седницата течеше според предложениот дневен ред. Бројот 46. на македонското списание, а по иницијатива на главната и одговорната уредничка, и према добиените финасиски средства, би се печатело со 8 колорни страници, наместо досегашните 2, со прилози од најактуелните настани од Заедницата, што едногласно е прифатено. Исто така, уредничката предложи во секој нареден број да се наградат, односно да се стимулираат (премија) најуспешните текстови-дописи и фотографии, (за бројот 45 уредничка предложи тоа да биде г. Владо Настески), но предлогот не беше прифатен. За предлогот за зголемување на хонорарите не беше е донесен конечен став, затоа што за тоа одлучува У.О. на Заедницата. Јагода Цветичанин од Осиек преложи да се укинат хонорарите, но ни овај предлог не е прифатен.



За следните броеви за МГ прилозите мораат да се праќаат на старата или новата е-маил адреса на Заедницата и обврзно да бидат напишани во македонски фонт, а фотографиите да се праќаат во посебен фолдер, исто така до Заедницата.

Главната уредничка потсети дека прилозите мораат да бидат куси, јасни и да одговараат на прашањата: Кој, Што, Зошто, Каде и Како, за да не дојде до "задушување" на списанието. Редовните информации и предлози мора да бидат благовремено доставени до дописниците од здруженијата, Советите и до Македонската Православна Црква. Договорено е дописниците на "Македонски глас" и понатаму да ги анимираат и поттикнуваат другите членовите од друштвата и советите, да пишуваат литературни предлози, кои ќе бидат објавувани во списанието, но нема да се хонорираат. Членовите на редакцискиот одбор имаат задача да се заложат и за обезбедување комерцијални реклами на правни лица, а ценовникот за објавениот рекламен простор во списанието одреден е од Управниот одбор на Заедницата.

По плодната и конструктивна седница на колегиумот на "Македонски глас", МКД "Илинден" ги почести своите гости со прекрасен ручек, на кој беа "скршени" сите отровни стрели и од сите беше посакано уште многу соработка, разбирање и уште поголем квалитет на списанието.

текс и фотографија: В. Настески

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

**Главна и одговорна уредничка:**
МАРИНА АПОСТОЛОВСКА-ВУЈАКЛИЈА
**Уредништво:**
Компјутерска обработка: Сашко Дисоски
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска
**Редакциски одбор:**
Огнен Бојаџиски
Јагода Цветичанин
Марко Паризоски
**Редакција:**
Марко Паризоски - Загреб
Бранка Јањиќ - Осиек
Ратко Димовски - Пула
Владо Настески - Риека
Мирјана Мајиќ - Задар
Анка Урдинова Пережа - Сплит

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.
Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
Žiro račun: 2340009-1100038804

Tel./Fax: (01) 48 72 655
www.zmurh.hr
e-mail: info@zmurh.hr

За издавачот: Славица Сагадин
Печат: НОНПАРЕЛ д.о.о. Загреб
На насловната страница: Св. пророк Илија

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993.

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

**ЗАБЕЛЕШКА:** коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

## Збор на уредничката



Во овие три месеци беше гордост да се биде Македонец во Хрватска. Членовите на Заедницата на Македонците во Р.Х. и сите нејзини друштва остварија толку многу активности, што некои други не можат да ги направат за цела година. Како главна и одговорна уредничка на "Македонски глас" можам да кажам дека на сите дописници – новинари на списанието и мене лично ни недостасуваа страници за да ги објавиме сите информации, репортажи, интервјуа и разговори за сето она што сме го направиле во овој изминат период.

Се гордеам што сум Македонка, а воедно се гордеам што можам да живеам во оваа земја, која има такви квалитетни и вредни сонародници.Читајте го овој наш 46. број на "Македонски глас" и ќе ви биде јасно зошто го напишав овој мој уводник.

Се надевам дека и за септемврискиот број на нашето списание ќе имаме толку многу квалитетни текстови, кои најдобро ги создаваат нашите дописници – новинари.

Зошто, не без право се вели дека Заедницата на Македонците во Р. Хрватска е една од најактивните национални малцинства при Владата на РХ.

Се гледаме во "Голубињак", крај Риека, за лично да си го честитаме ИЛИНДЕН.

Марина Апостоловска - Вујаклија

Нека ни се СРЕЌНИ И ДОЛГОВЕЧЕНИ СИТЕ НАШИ ИЛИНДЕНИ

Заедницата на Македонците во Р. Хрватска и Уредништвото на "Македонски глас"

## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕН РЕКЛАМЕН ПРОСТОР ВО МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Страниците на нашето списание "Македонски глас" отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Редакцијата веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 A4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 A4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 A4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 A4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 A4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,

Редакцијата на "Македонски глас"

M-r Mirjana Domini

# NIKAD NIJE TAKO DOBRO DA NE BI MOGLO BITI BOLJE



*Razgovor s gospođom mr.sc. Mirjanom Domini ostavio mi je dojam jedne žene velikog srca, intelektualke par exellence. Za sebe samu ona kaže: Svoj radni vijek provela sam u Institutu za migracije i narodnosti baveći se interdisciplinarno tematikom manjina, ljudskih prava, međunarodnim odnosima, kulturama u „dodiru", etničkim/nacionalnim aspektima različitosti, učeći i razvijajući kod sebe i drugih osjećaj za toleranciju i razumijevanje temeljem vrijednosti izraslih na tim raznolikostima i njihovom doprinosu prostoru u kome živimo i djelujemo. „Prostor učenja" širio se u neposrednim dodirima s predstavnicima manjinskih zajednica u zemlji i inozemstvu, društvenim i političkim strukturama, tuzemnim i međunarodnim asocijacijama koje se bave narečenom problematikom, sudjelovanjem na brojnim kongresima, seminarima, znanstvenim i stručnim skupovima, objavom brojnih radova u znanstvenim i stručnim publikacijama, aktivnim sudjelovanjem u različitim udrugama i međunarodnim institucijama koje se bave ostvarivanjem i promicanjem manjinskih prava i prava čovjeka, stvaranjem pretpostavki za jednake šanse bez obzira na socijalno podrijetlo, spol, rasu, etničku/nacionalnu pripadnost, političko ili vjersko uvjerenje... Trenutno „odrađujem" drugi mandat u Savjetodavnom tijelu Vijeća Europe za provedbu Okvirne konvencije za zaštitu manjina, nastojeći kao nezavisni ekspert upotrijebiti svoje znanje u korektnom i izbalansiranom pristupu manjinskim pitanjima u europskim državama, potpisnicama Okvirne konvencije.*

**M. G.: Prema Vašem mišljenju, kako se Vlada Republike Hrvatske i njeni građani odnose prema nacionalnim manjinama u ovoj državi?**

**Domini:** Svijest da je Republika Hrvatska multikulturalna i multinacionalna postaje dio svakodnevice, a ne samo ekskluziva za pojedine prigode; činjenica da je Hrvatska tek jedna od brojnih država svijeta u koju su se doseljavali različiti kulturni entiteti i iz koje su Hrvati selili širom svijeta, unoseći svoje kulturne obrasce u različito etničko okruženje, podiže razinu potrebe „prepoznavanja" i valorizacije vlastitih vrijednosti u dodiru s drugim izričajima i vrijednostima; trajanje „u prostoru i vremenu" pojedinih manjinskih zajednica, revitalizacija onih kojima je to u prošlosti bilo onemogućeno, „prepoznavanje" posebnosti onih koji su živjeli ili u međuvremenu doselili u Republiku Hrvatsku, ali i ponašanje manjinskih zajednica koje uz očuvanje svoje kulturne i nacionalne komponente uvažavaju hrvatsku stvarnost i hrvatski identitet, stvaraju pretpostavke za kvalitetan suživot i poželjan model „zajedništva u različitosti". Sve to nalazi svoj odraz u pravnoj regulativi (u mnogim segmentima pravna uređenost položaja manjina u Republici Hrvatskoj je kvalitetnija i višeg „standarda" nego u mnogim europskim državama), u zajamčenom prostoru (fizičkom i duhovnom) djelovanja manjinskih zajednica, u jednakom pristupu i odnosu prema tzv. autohtonim i novim manjinama, financijskoj potpori (hrvatski proračun, proračuni lokalnih zajednica, razni fondovi i projekti domaćih i inozemnih institucija i dr.) i sve aktivnijoj ulozi manjinskih predstavnika i njihovih udruga na političkoj, kulturnoj i društvenoj ravni kroz vijeća nacionalnih zajednica i putem izabranih predstavnika na državnom, županijskom i lokalnom nivou. Svijest da je zajedničko djelovanje većine i manjinskih skupina zajednički interes sve se više operacionalizira u svakodnevnom životu kroz djelovanje institucija društva, udruge građana i ponašanje pojedinaca.

**M. G.: Možete li nam nešto reći o svom radu u Strasbourgu?**

**Domini:** Kao što sam već napomenula u tijeku je moj drugi izborni mandat (prvi od 1998.-2002., drugi od 2004.-2008. godine) u Savjetodavnom odboru Vijeća Europe za primjenu Okvirne konvencije za zaštitu manjina. Izabrana sam ispred Republike Hrvatske kao nezavisni ekspert u tijelo koje ima 18 redovitih članova. Drugim riječima, ja ne zastupam interese Republike Hrvatske (kada se glasuje o Izvješću Republike Hrvatske ja nemam pravo glasa), već na raspolaganje Odboru stavljam svoje znanje o manjinskoj problematici općenito, o situaciji manjina u Republici Hrvatskoj (dopuna spoznaja Radnoj skupini koja je u okviru mandata posjetila Hrvatsku i „vršila monitoring", tj. temeljem dodatnih konzultacija, susreta s predstavnicima vlasti, manjina i nevladinih/građanskih udruga oblikovala mišljenje o Vladinom izvješću o implementaciji odredaba Okvirne konvencije koju je potpisala i ratificirala Republika Hrvatska i time je postala obvezujući dokument i pripremila listu preporuka Savjetodavnom tijelu). Nakon rasprave na plenarnoj sjednici/sjednicama glasuje se o Mišljenju i preporukama, konstatira se s koliko glasova se usvaja Mišljenje s preporukama i prosljeđuje ga se Vijeću ministara koje temeljem tog dokumenta usvaja svoje obvezujuće preporuke za Republiku Hrvatsku. Isti je postupak za svaku državu koja je ratificirala Okvirnu konvenciju, s time da član Radne skupine ne može biti iz države čije se Izvješće raspravlja. Pored toga postoje tematski sklopovi u čijim aktivnostima sudjeluju svi članovi Odbora i svojim znanjem neposredno ili posredno utječu na kvalitetu dokumenata koji se usvajaju u Savjetodavnom odboru, aktivno djeluju u procesu razmjene mišljenja s tijelima i institucijama u okviru Vijeća Europe ili izvan Vijeća koja se bave manjinskom problematikom ili pitanjima koja su u neposrednoj svezi s položajem i pravima manjina. U svakom slučaju rad u Savjetodavnom odboru znači aktivno djelovanje tijekom sjednica, rad u radnim skupinama, dobru pripremu prije dolaska na sjednice (proučavanje izvješća država o kojima se raspravlja, dodatnih informacija i materijala, pogotovo za rad u radnim skupinama), odlazak u pojedine zemlje u svojstvu člana radne skupine („monitoring") itd. Za mene je rad u Savjetodavnom odboru veliki izazov, ali i dobra „škola" za nova saznanja, uspoređivanje, pročišćavanje, valoriziranje... Svojom dinamikom taj rad nas stalno podsjeća da baviti se manjinskom problematikom znači suočiti se sa živim organizmom koji stalno pulsira i traži, ali i nudi nove mogućnosti za razumijevanje i odnos na relaciji većina-manjina/manjine.

**M. G.: Imate li neke svoje ideje kako bi se poboljšao status nacionalnih manjina u Republici Hrvatskoj?**

**Domini:** Mislim da sam Vam posredno odgovorila na Vaše pitanje. Riječ je o procesu, što znači da nikada nije tako dobro da ne bi moglo biti bolje. Važno je da se svatko od nas pojedinačno i kao pripadnik većinske ili manjinske skupine (ti odnosi nisu jednom zauvijek dati, pogotovo kad se odnos etničkih i kulturnih komponenti promatra u makro i mikro projekciji) nauči čuti i razumjeti onoga koji ne pripada našoj skupini, da se taj međuodnos ne promatra u suočeljavanju mi-oni, već u dopunjavanju te dvije komponente, pogotovo što MI sadrži one u nama, a ONI nose nas i one u sebi. Drugim riječima zajedništvo je već u nama, a naše



je pravo da se odredimo prema sebi (kako mi, tako i drugi), da svoj identitet očuvamo i razvijamo kroz valorizaciju preko drugih identiteta (sada u manjem prostoru, sutra u okviru udružene Europe) i da svoje nesigurnosti i dileme ne liječimo na račun onih „drugih" ili kroz isključivost i samodostatnost. Sudbina nam je u „dodiru različitosti", a na nama je da stvorimo pozitivno ozračje da prednosti interakcijskog djelovanja različitih kulturnih obrazaca postane percepcija jednakih šansi za sve, bez obzira na nacionalnost, vjeru, jezik, socijalno podrijetlo, imovinski status, spol, dob, političko uvjerenje i druge odrednice koje nas čine različitima u odnosu na one druge.

**M. G.: Što radite privatno? Točnije, što čitate, gledate...?**

**Domini:** Ja sebe vidim u onoj grupi umirovljenika koji nemaju vremena, koji su uvijek u sprezi ideja, realizacije, novih početaka - ha, ha, ha... čista zabluda je život, bar ovozemaljski ima svoju konačnost, bez obzira na svjetskih i kvazimedicinskih stručnjaka: pitanje je samo kako uspostaviti ravnotežu između spiritualnog (nematerijalnog, umnog, duhovnog) i materijalnog (fizičkog, tjelesnog) i pomiriti se sa svojom konačnošću u beskonačnosti. Čim uhvatim malo slobodnog vremena, odgovorit ću Vam što činim u slobodno vrijeme, odnosno razlučit ću što spada u moj privatni, a što u moj tzv. javni život.

Razgovarala i fotografirala:
Marina Apostolovska - Vujaklija

# СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗАЕДНИЦАТА

Загреб: Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ ја одржа својата 8 седница на 6 мај 2006 година во Загреб. На седницата беа присутни доволен број на членови за донесување на важечки одлуки.

Предожениот дневен ред е дополнет со предлогот на Никола Гроздановски, кој изнесе мислење дека соработката помеѓу Заедницата и македонските друштва, како и другите македонски асоцијации во РХ, треба да се прошири и збогати со што ќе се овозможи настанатите заеднички проблеми поефикасно да се решаваат, а со тоа реализираните активности би биле поуспешно јавно презентирани. Усвоен е предлог Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб да организира тркалезна маса со тема "Соработка на сите македонски асоцијации во РХ".

Усвоен е записникот на Инвентурната комисија на Заедницата и предлозите за отпис на одредени инвентарни средства.

Во врска со усвоениот "План и програма за работа во 2006 година со финансиска конструкција" донесени се следните одлуки:

- Заедницата ја финансира манифестацијата "9. Денови на браќата Миладиновци" во Осиек и Ѓаково;
- прославата на "Илинден" ќе се одржи во паркот Голубињак во организација на МКД "Илинден" од Риека;
- "Рацинови денови" ќе се одржат во Самобор, во ноември 2006 година;
- МКД "Охридски бисер" од Загреб е организатор на изложбата "Сликарството на Македонците во Хрватска";
- претседателката г-ѓа С. Сагадин да побара дополнителни финансиски средства од Советот за национални малцинства за манифестацијата "Денови на македонската култура Кирил и Методиј", која ќе се одржи во Сплит, како и дополнителни средства за монографијата "Сликарството на Никола Гроздановски - Коле";
- претставувањето на "Малиот македонско-хрватски и хрватско-македонски речник" од Б. Павловски и Д. Стефанија ќе се финансира со средствата од Градскиот Уред за образование, култура и спорт на Град Загреб.

Донесена е одлука со која од 1 мај 2006 година на административната секретарка на Заедницата и се зголемува месечната плата, се утврдува работното време и работните задачи.

Усвоен е предлогот на "Финансискиот план на Заедницата" за период од 01.04. до 31.12.2006 година.

На крајот се расправаше и за списанието "Македонски глас", па беше упатен допис до сите друштва да доставaт писмено мислење за квалитетот на списанието, со можни забелешки, предлози и пофалби. Исто така прифатен е предлогот тиражот на списанието да се зголеми за 100 примероци, што ќе бидат распределени во Загреб.

М. Паризоски

# СОВЕТОТ НА МАКЕДОНСКОТО МАЛЦИНСТВО ЗА Г. ЗАГРЕБ



Загреб: Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб својата 9. седница ја одржа на 27 април 2006 година.

На почетокот, претседателот на Советот, Анастас Оџаклиески, ги запозна членовите со активностите на Советот за периодот помеѓу двете седници, и тоа:

- учество во подготовката и реализација на програмите на Координацијата на националните малцинства на Град Загреб;
- присуство во одбележувањето на Денот на државноста на Босна и Херцеговина и на Тркалезната маса на Советот на бошњачкото национално малцинство за Град Загреб;
- учество на Трибината на Советот на црногорското национално малцинство, под име "Европска иднина на Црна Гора".

Советот го суфинансираше издавањето на второто ЦД на пеачкиот ансамбл "Езерки" и оркестарот "7/8", кој во меѓувреме е излезен и претставен во Концертната сала "Ватрослав Лисински".

Сите активности на Советот се остварени и покрај тоа што од просториите три пати е отуѓена (украдена) информатичката опрема.

Во работниот дел на седницата Советот донесе и две важни одлуки:

- усвоена е Завршната сметка на Советот за 2005 година, и
- по молба на сликарот Никола Гроздановски - Коле одлучено е да се суфинансира издавањето на неговата монографија.

М. Паризоски

# СО ЗНАЕЊЕ ДО ПОБЕДА

Вуковар: Централната прослава по повод Денот на државноста и 15- годишнината на Оружените сили на Република Хрватска се одржа на 25 јуни 2006 година во градот херој Вуковар, со присуство на претседателот на Републиката, г. Стјепан Месиќ, претседателот на Саборот Владимир Шекс и други високи гости. На прославата присуствуваше и воениот аташе на Република Македонија во Република Хрватска, генералот Драган Андрески.

Во рамките на прославата, со порака "Со знаење до победа", се одржа и свечената промоција на дипломантите со највисоко воено образование на Военото училиште "Бан Јосип Јелачиќ". Претседателот Месиќ им врачи дипломи, златни прстени и позлатени плакети. Меѓу нив, промовиран беше и полковникот на Армијата на Република Македонија, КИРО ГАЛАЗОВСКИ.

Капетанот на АРМ СМИЉАН ЈУРДАНА доби диплома за успешно завршување на училиштето "Генерал Благо Задро".

Во својот поздравен говор министерот за одбрана на Република Хрватска посебно го нагласи и овој вид на соработка меѓу нашите две пријателски земји на патот кон Европската Унија.

М. Паризоски

# ПРВО РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ

Загреб: По едногодишната работа, МКД "Охридски бисер" од Загреб на 26 јуни 2006 година го одржа првото редовно годишно Собрание.

На почетокот е усвоен предложениот Деловник за работата на сите собранија што ќе ги одржува Друштвото.

Извештај за работата на Друштвото од основањето и План и програм за работа во 2006 година поднесе претседателот Марин Гавровски, при што истакна дека и покрај објективните тешкотии Друштвото ги исполни поставените задачи. Во оваа година ќе се одржат и предвидените манифестации за кои се добиени финансиски средства.

Усвоени се извештаите за остварените програми, за потрошените средства и извештајот на Надзорниот одбор за извршената контрола на финансиското работење на Друштвото.

Избран е нов Управен одбор: претседател Благој Штерјов, потпретседател Орце Ламбевски и членови Марин Гавровски, Брацо Добротиќ, Дарко Имприќ, Рената Фирст и Елизабета Петровска.

М. Паризоски

# ОТВОРЕН НОВ ПРОСТОР НА МАКЕДОНЦИТЕ

Риека: На 24 мај годинава во улицата Матачиќева 5 во Риека службено се отвори новиот простор на македонското национално малцинство во овој дел на Хрватска. Новиот простор од 155 м2 во иднина ќе им овозможи на Македонците во Риека подобра работа и да остваруваат поголеми активности во рамките на МКД "Илинден" и Советот на македонското малцинство за Град Риека.



Видно беше задоволството на лицата на претседателите на МКД "Илинден", г. Илија Христодулов, на Советот на МНМ за Град Риека, г. Михаило Давчевски и претставникот на МНМ за ПГЖ, г. Левко Цветковски, а посебно на лицата на Македонците и нивните гости во преполната сала. Свеченото отворање со своето присуство го збогатија советникот - министер во Амбасадата на Република Македонија во Загреб, г. Стојан Руменовски, прочелникот на градската канцеларија на Град Риека, г-ѓа Ксенија Линиќ, претседателката на Одборот за малцинствата за Град Риека, г-ѓа Дорис Чрњар, која воедно службено го отвори новиот простор, претставникот од Кабинетот на жупанот на ПГЖ, г. Гиани Јурас, потпретседателот на Заедницата на Македонците во РХ, д-р Коле Гроздановски, претседателот на Семакедонската координација на советите во Република Хрватска, г. Анастас Оџаклиески, како и гостите од националните малцинства кои дејствуваат во Град Риека: Италијаните, Србите, Чесите, Словаците, Црногорците, Бошњаците, Албанците, Ромите и Унгарците.

"Денот за службено отворање на просториите е намерно избран токму на празникот Св. Кирил и Методиј, односно 15 години од работењето на МКД "Илинден". Трите субјекти кои тесно и успешно и досега соработуваа, верувам дека во новите простории, прекрасно уредени, секако ќе имаат можност за поуспешни активности и меѓусебни координации. Нагласувам посебна благодарност кон Градот Риека, но и на многуте донатори и пријатели, кои дадоа голем придонес за овој прекрасен простор", рече во поздравниот говор г. Давчевски.

Просторот од 155 м2 содржи 35 м2 канцеларија, сала со 80 седишта, 35 м2 чајна кујна со простор за одмор и помали активности, како и помошни простории. Просторот е потполно опремен со нов мебел, набавен со сопствени средства, со еднократна помош од Градот Риека, како и со донации од: АРК Адријатик Риека, г. Алдо Валента, Докса - агенција за некретнини, г. Маријан Алексовски, Контики доо - клима уреди, Равна Гора од браќата Ружиќ, Електроматеријал Риека, Т- КОМ ХТ Риека, Центар опрема Риека и други.

В. Настески

# ЦРВЕНКОВСКИ СО РИЕЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ



Риека: На 31 мај годинава, во новите простории на македонското малцинство во Риека, претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски, во придружба на македонскиот амбасадор во Хрватска, Махи Несими, ги посети Македонците кои живееат во овој дел на Хрватска. Ова беше и можност за средба и со риечкиот градоначалник, мр. Војко Оберснел, дожупанот Лука Денона и проректорот на Универзитетот во Риека, др. Горан Калоѓера. На средбата беше присутен и нај-популарниот македонски музичар и воедно УНИЦЕФ-ов амбасадор на добра волја, Тоше Проески.

Претседателот на МКД "Илинден" и домаќин на средбата, Илија Христодулов, му се заблагодари на македонскиот претседател што најде време да ги посети своите сонародници во нивните простории, но и на градските раководители што го помагаа ова здружение и македонското национално малцинство, па нагласи дека Риека има што и да ѝ покаже на Европа во негувањето на човековите права и грижата за националните малцинства. Исто така добродојде на високиот гостин му посакаа градоначелникот Оберснел, поджупанот Денона и проректорот д-р Калоѓера, кои истакнаа дека се овие големи настани и за град Риека, а посебно за Македонците во Риека.

Претседателот Црвенковски во своето обраќање истакна дека оваа посета на своите сонародници ја смета за посебен настан, и ги пренесе топлите поздрави од нашата татковина. "Односите помеѓу Македонија и Хрватска се многу добри, без отворени прашања, имаме многу заеднички обврски на планот на безбедност, на планот на културата, обазованието, пред сè на планот на економијата, а многу е важно што имаме заедничко видување како да ја градиме нашата иднина. На крајот ви се заблагодарувам, што нè преставувате во најубаво светло, ѝ помагате на Македонија и на македонскиот народ. Јас ви се заблагодарувам за сè што сте сториле за Република Македонија, на пријателска Хрватска, на оваај убав европски град и богатата жупанија", рече меѓу другото г. Црвенковски.

# ОДБЕЛЕЖАНА 103-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Скопје, 4 мај (МИА) - Со панихида и положување цвеќе на гробот на Гоце Делчев денеска во црквата Св. Спас во Скопје беше одбележана 103-годишнината од загинувањето на македонскиот револуционер. На гробот на Гоце цвеќе положија високи претставници од државната власт, меѓу кои и премиерот Владо Бучковски и претседателот на Собранието на Република Македонија, Љупчо Јордановски. На одбележувањето присуствуваше и внуката на Гоце Делчев, Катерина Нурџева-Трајкова. "Со должно внимание кон мојот чичко дојдов да се поклонам пред неговиот споменик. Среќна сум што можев да го поминам патот по кој газеше Гоце, кој ни остави аманет да бидеме верни и да дадеме сè од себе за името на Македонија да е вечно. Одев по неговиот пат кој ме донесе во националната 12. Македонско-народноослободителна бригада, неговиот пат ме одведе и до другарот Ченто, кој секогаш ќе го паметам, затоа што борбата негова по ништо не се разликуваше од борбата на Гоце", изјави Нурџиева - Трајкова.

# СОБРАНИЕ НА"ИЛИНДЕН"

Риека: Петнаесетто по ред годишно собрание од формирањето на МКД "Илинден" се одржа на 4. јуни 2006, за прв пат во новите простории во Матачиќева 5 во Риека.

Најнапред "Илинденците" ја прифатија Програмата за 2006 година и го потврдија Годишниот финансиски план. Покрај ова, на собранието беше расправано и за други проблеми. Претседателот Илија Христодулов во својот извештај даде преглед за состојбата на Друштвото, особено околу преселбата и уредување на новите простории.

Покрај извештајот за работата и активностите во Друштвото, од Надзорниот одбор даден е исцрпен извештај за потрошените финансиски средства во минатата година и првите пет месеци на оваа година, при што беше истакнато дека средствата се трошени наменски и нема неправилности во финансиската документација. Исто така, претседателот на Судот на честа извести дека во изминатата година немало никакви недоразбирања и проблеми меѓу членството.

Во точката разно беше разговарано за потребата и активностите кои се преземени за отворање на дополнителна настава по македонски јазик за заинтересираните деца и родители од македонската популација во Риека. Предлогот е училиштето од оваа есен да почне со работата, а дотогаш да се извршат сите потребни подготовки.

Друго прашање кое во најскоро време треба да се реши е формирање на црквената општина во Риека, за

кое се подготвени потребните документи и со новиот метрополит за Европа, господин Пимен, е договорено до крајот на годинава општината да се формира.

В. Н.

# "15. ДЕНОВИ НА СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

Сплит: И оваа година на празникот "Св. Кирил и Методиј", МКД "Македонија" од Сплит ги организира "Деновите на македонската култура", а воедно ја прослави и 15-годишнината од своето основање.

Самата свеченост почна на 24.05.2006 со полагање венец на Споменикот на паднатите бранители во Татковинската војна, од страна на претставниците на МКД "Македонија" и МПЦО "Свети Наум Охридски". Истиот ден во свечената сала на Семинаријата на Сплитско-макарската Надбискупија се одржи Свечената академија. Покрај многуте присутни Македонци и пријатели на Македонија, на Академијата како гости присуствуваа и членовите на Градската управа на град Сплит: претседателот на Градскиот совет г. Жељко Јерков, доградоначалникот г. Божидар Чапалија, претставникот на ОБСЕ во Сплит, г. Валерин Флореан и претставници на Сплитско-макарската Надбискупија.

Претседателот на МКД "Македонија", г. Владимир Апостолски, го даде воведниот збор, во кој ги поздрави сите присутни и го нагласи значењето на Светите браќа Кирил и Методи за македонскиот и останатите словенски народи. Потоа, г-ѓа Славица Шкратуља го прочита рефератот за браќата Св.Кирил и Методиј, кој за оваа прилика го напиша свештеникот на МПЦ во Р. Хрватска, отец Кирко Велински.

Културната програма беше богата, а со исполнувањето на хрватската и македонската химна Академијата ја отворија членовите на пеачката група на МКД "Македонија", кои подоцна се претставија со сплет на македонски народни песни. Посебно задоволство причинија нашите гости од словенското културно друштво "Триглав", клапата на КУД "Бродосплит" и нивната фолклорна група, која го изведе завршното оро од "Еро од оној свет". Г. Оливер Рогошиќ ги донесе звуковите на родниот крај свирејќи на македонските гајди, за што беше богато награден со аплаузи од присутните. Стихови на македонски поети рецитираа г-ѓа Македонка Кнезовиќ и г-ѓа Анка Пережа-Урдинова, а г-ѓа Соња Сењановиќ ја претстави убавината на сплитската поезија. Во склопот на оваа манифестација во просториите на Семинаријата беше организирана изложба на македонски народни носии и ракотворби кои покажаа дел од нашето културно богатство.

Деновите на македонската култура ги зббогати и гостувањето на Македоскиот народен театар од Штип кој настапи со претставата "Метаморфози", за која минатата година на Сесловенскиот театарски фестивал во Москва добија прва награда. Сплитската публика и театарската критика ја оценија оваа претстава со највисоки оценки. Како претставници на градот Штип, кој е град-пријател со Сплит, нашите гости беа примени заедно со нас кај доградоначалникот на град Сплит, при што беа разменети пригодни подароци и беше договорена понатамошна културна соработка.

Манифестацијата заврши со песни и ора на традиционалната "Македонска ноќ", при која е дадена скромна поддршка на акцијата на МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек за собирање на доброволен прилог за операцијата на малата Санела Петрова од Кочани. Целокупниот приход од организираната добротворна лотарија е уплатен за таа цел.

А. Митревски

# ХУМАНИТАРНАТА АКЦИЈА "ЗА САНЕЛА ОД КОЧАНИ" ПРОДОЛЖУВА

По успешната операција во болницата "Сестри милосрдници" во Загреб, каде во м. април ѝ беше вградена пужница, осумгодишната Санела со родителите дојде во Осиек, каде ѝ беа предадени собраните средства за успешно лекување. Осиечките членови на друштвото и сите кои до сега помогнаа со свои прилози, се надеваат дека Санела наскоро ќе може да го чуе звукот од синтисајзерот, чии типки за сега само ги допираше при посетата на друштвото.

МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек продолжува со хуманитарната акција и ги повикува читателите на Македонски глас да се вклучат со своите прилози на истата кунска сметка:

(Примател)
Македонско културно друштво
"Браќа Миладиновци" Осијек
2393000 - 1502130449

# ТРАДИЦИИ И КУЛТУРИ КОИ ПОВРЗУВААТ

Осиек: Славонската рамница е фасцинантна по многу свои обележја. Едно од нив, и можеби најважното и најособеното, се - нејзините жители. Староседелците или дојденците од Имотски, можеби Херцеговци или Унгарци, или пак Срби, Македонци, Словаци, Германци, Роми и сите други имаат свои обичаи, јазици и култури, вткаени во богатото тло.

Славењето на културните обележја или денови од значење за различните малцински групи е одличен повод за запознавање и соработка. Еден таков повод беше годинава на 8 април, светскиот ден на Ромите. По тој повод, Ромското културно уметничко друштво "Дарда" од Дарда организираше прослава, во која зеде учество и МКД "Браќа Миладиновци" Осиек.

Ова традиционално одбележување на Светскиот ден на Ромите во Дарда беше збогатено со учество на повеќе здруженија, како од Осиек, така и од Славонски Брод и други градови. Програмата беше шаренолика и весела, со многу музика, танцување, песни...

Во преполната сала на Домот на културата, прославата почна со познатата песна – ромската химна "Ѓелем, ѓелем", која сите заедно ја исполнија учесниците на манифестацијата. Импресивната и шаренолика група на пеачката и фолклорната секција "Вардарки" и "Танец", во придружба на армоникашот Пецо Трајчевски, ја потполнија и членовите во своите два блока, каде настапија со многу жар и со убавините на македонските песни и ора. Во традиционалните македонски носии, играорките



на "Танец" со кореографијата на Марија Грбавица изненадија: играта во круг беше дополнета со мали соло парчиња на истакнати членки на секцијата и наградена со аплаузи од публиката.

Така, оваа манифестација, во презентацијата на изворното, го спои она различното, со она сличното и познатото, ритмот со танцот и песната, црвено - жолтото со останатите бои на виножитото.

Јулијана Младеновска Тешија

# НЕИСПИШАНАТА ИСТОРИЈА НА РОМИТЕ

Риека: "Живот и време - Ѓевдипе тхај врама" е насловот на двојазичната, хрватско-ромска книга на Фари Ибраимовски, која беше претставена во Риека во организација на Здружението на ромските жени "Подобар живот". Освртот за книгата беше на проф. Ана Богданиќ, која истакна дека ѝ е голема чест да зборува за книгата на оној кој цел свој живот го посветил на борбата за ромските права.

- Се работи за нов вид автобиографски записи низ поезија, куси ракази и активистички текстови. Сметам дека книгава има големо културно значење, особено што во Хрватска има многу малку наслови за ромската култура. Тоа е необично ако се знае дека Ромите на овој простор постојат од 14. век како национално малцинство, но за нив има малку пишани податоци. Посебна вредност на оваа книга е таа што може да се чита и на хрватски јазик, истакна проф. А. Богданиќ.

Фари Ибраимовски има македонско ромско потекло, роден е во Скопје, член е на МКД "Илинден" и еден е од неговите основачи. Воедно е долгогодишен водител на ромското здружение во Риека, како и долгогодишен советник на ромската мрежа во Хрватска.

В. Н.

# НОВИНАРИТЕ ГОТВЕА "БРОДЕТ"

Опатија: Во организација на туристичките агенции на Опатија и Матуљи, градови - бисери на Хрватска, на 22 и 23 април 2006 година се одржа Вториот кулинарски куп на Хрватска. Во натпреварувањето во готвење "бродет" учествува 22 екипи, односно шеесетина новинари од телевизиски, радио и новинарски куќи од Словенија, Босна и Херцеговина, Македонија, Германија и Хрватска, меѓу кои беше и Заедницата на Македонците во Република Хрватска.



Пред натпреварувањето сите новинари го посетија селото Жејане во пазувите на Учка, кое е познато по своите традиционални фолклорни играорци "звончари" и при тоа изведоа пригодна фолклорно-музичка програма. За вашиот известувач големо изненадување приреди "капетанот" на играорците, кој гостите ги поздрави на влашко-аромунски јазик. Тој откри дека жителите на тоа село се по потекло власи-аромуни и меѓусебно комуницираат на тој јазик. Ми беше задоволство да се претставам и разговорот го продолживме на влашки јазик.

Купот го отвори Бруно Фрлан, началник на општината Матуљи, а екипите во котлината готвеа "бродет" од неколку видови риби. Нашата маса, украсена со македонското знаме и списанието "Македонски глас", ја посетија многу новинари и посетители. Ни беше задоволство што и началникот Фрлан покажа интерес за нашата Заедница, а ние му врачивме примерок на списанието "Македонски глас" и го почестивме со македонските вина "Мускат" и "Македонско вино", спонзорирани од "СКОВИН АД" од Скопје, односно генералниот застапник "А.Т.Инжињеринг" - Загреб.

Вториот ден натпреварот продолжи во Опатија, каде присуствуваше и градоначелникот Амир Музур. Прогласувањето на победникот се одржа на плажата "Слатина", а според оценката на жирито првото место го освои екипата на Радио Пула. Екипата на "Македонски глас" го освои 12. место и со задоволство му се заблагодари на организаторот.

М. Паризоски

# ЗАВРШИ УЧЕБНАТА ГОДИНА

Загреб: По повод завршувањето на учебната година на Училиштето за негување на македонскиот јазик и култура, на 10 јуни 2006 година во ОУ Никола Тесла, се одржа завршна свеченост. Свеченоста ја отвори ученичката Ивана Димов која ги поздрави поканетите гости и роднини. Изрази благодарност до Македонската Православна Црква во Хрватска, Министерството за наука, образование и спорт, директорот на училиштето Мирољум Удиљак и најдобрата учителка Деспина за реализација на оваа настава.

Директорот Удиљак изрази радост што учениците со оваа настава, овде во Хрватска, ќе го сочуваат македонскиот јазик и културата.

Учениците изведоа рецитал со стихови од македонската историја, од Илинден па до прогласената самостојна Република Македонија, а потоа ја исполнија песната "Тебе ти пееме Македонијо".

Присутните ги поздравија министерот-советник во амбасадата на Македонија Стојан Руменовски, и Никола Гроздановски во името на Заедницата на Македонците и Советот на македонското национално малцинство на Град Загреб.

Учителката Деспина Белчовска Велинска му се заблагодари на директорот Удиљак за поддршката, а своите ученици ги пофали за одличниот успех и им врачи двојазични потврди и по една книга.

За оваа свеченост родителите припремија слатки и сокови со кои се засладија учениците и нивните гости.

Марко Паризоски

# "РОМСКИ СОН"

На 24 март 2006 година свечено е отворена и презентирана новооснованата Заедница на Ромите во Хрватска, која носи име "Ромски сон".

Членовите на оваа Заедница во поголем број се по потекло од Македонија.

Присутните гости ги поздрави секретарката на Заедницата Клаудија Јашаревски и изрази задоволство за поддршката при оснивањето.

Целта на ова Заедница и нејзината дејност ја претставија претседателката Мактилда Врдољак, нејзината заменичка Нура Исмаиловски и финансискиот раководител Јаков Врдољак.

Новооснованата Заедница ја поздравија Неџатин Камберовски во името на Ромскиот совет, претставници на Град Загреб, на други малцински заедници и Вашиот известувач во името на МКД "Охридски бисер".

Во културниот дел од програмата прикажана е модна ревија на различни ромски народни носии, а најмладите членови ја исполнија песната "Кад си сретан" на хрватски, англиски и ромски јазик.

М. П.

# ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА МКД "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ"

Осиек: Во саботата на 13 мај 2006 година, во салата на Градскиот котар Тврѓа, се одржа Изборно Собрание на МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек. По интонирањето на двете химни и оддавањето почит кон сите починати членови на Друштвото, пеачката група "Вардарки", како и секоја година, со сплет од македонски ора создаде ведра и топла атмосфера.

Од годишните извештаи за активностите и финансиското работење во изминатата 2005 година, како и планот за следната година, присутните се запознаа со реализираните амбициозни манифестации и други програми. Се предложија и некои измени и дополнувања на Статутот и Деловникот на Друштвото. Со едногласно изјаснување им се продолжи мандатот на досегашната претседателка, Јагода Тренеска Цветичанин и потпретседателка Марија Чинчурак. Благајник ќе биде Душица Цветковски, а претседател и потпретседател на Управниот одбор Јагода Јаниќ и Марија Грбавица. Останати членови ќе бидат: Андријана Галовиќ, Звонимир Мишо Папо и Борис Трајановски. Секретарската задача ѝ е доверена на Слаѓана Бошњаковиќ.

Се извршија и измени и во другите тела, па во опуштена атмосфера, разгледувајќи ги изложените панои со фотографии од реализираните програми и со звуците на армоникашот Пецо Трајчевски, присутните ги испробаа вкусните специјалитети, подготвени од членовите на кулинарската секција и со песни и игри го споија корисното со пријатното.

Ј. М. Тешија

# МАКЕДОНЦИТЕ ПОВТОРНО ВООДУШЕВИЈА

Загреб: На фолклорните фестивали во Р. Хрватска во изминатиов месец, со голем успех, настапија две културно уметнички друштва од Македонија.

Најнапред, на Шестиот меѓународен фестивал на фолклорот, кој, од 23 до 24 јуни, се одржа во велика Горица, Загреб, учествуваше КУД "Илинден" од Битола. На манифестацијата, која негува изворен фолклор и на која настапија и друштва од Хрватска, БиХ., Бугарија, Чад - Африка, Полска, Шпанија и Турција, македонското друштво "Илинден" освои неколку признанија, меѓу кои и првата награда за интерпретација, за настапот на изворни песни и игри од Егејскиот дел на Македонија.

Мораме да напоменеме дека на завршниот концерт присуствуваше и министерот-советник при амбасадата на Р.М. при Р.Х., г. Стојан Руменовски, кој по концертот оствари средба со учесниците и домаќините на Фестивалот, кој се одржа под покровителство на градоначалникот на Велика Горица, Тонино Пицула.

По овој настан, од 29 до 30 јуни годинава на Третите Детски меѓународни фолклорни средби - Загреб 2006, учествуваше детската група при КУД "Љупчо Сантов" од село Оризари, Кочани. Манифестацијата беше под покровителство на градоначалникот на град Загреб, г. Милан Бандиќ, а на него зедоа учество детски КУД од БиХ, Србија, Бугарија и Хрватска. Нашите млади играорци изведоа сплет песни и ора од Осоговскиот крај, при што беа бурно поздравени во преполната сала на "Ватрослав Лисински".

Утредента, и членовите на КУД "Илинден" и младите играорци на КУД "Љупчо Сантов" беа примени во амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска во Загреб, од страна на министерот-советник, г. Стојан Руменовски. При тоа, взаемно веше констатирано дека фолклорот и Македонија предизвикуваат големо интересирање кај хрватската публика и јавност.

М.А.В.

# ТРЕТИ ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА

Задар: Манифестацијата "Трети денови на македонската култура" што традиционално ја организира МКД "Билјана" од Задар почна на 9 мај 2006-тата со читањето на рефератот за Св. Кирил и Методиј, кој го подготви Живко Силавски. Потоа беше читана поезија од Кочо Рацин и Константин Миладинов, како и најновите песни на Еми Логан. Првиот ден на манифестацијата заврши со македонски песни и ора, а просторот во "Дијабетското здружение беше претесен за сите оние домаќини и гости што присуствуваа на овој настан.

Вториот ден на Деновите на македонската култура се одржа во задарскиот "Дом на младите". По интонирањето на хрватската и македонската химна, кои ги исполнија членовите на МКД "Македонија" од Сплит, претседателката Мирјана Мајиќ ги прочита пристигнатите телеграми, а беа поздравени и гостите од другите национални малцинства на Задарската жупанија. Следеше богата програма, што ја водеше Еми Логан, па неизменично се редеа песни, поезија и македонски ора, се до полноќ.

За третиот ден беше најавен излет, кој беше откажан поради неповолните временски услови.

Сепак, може слободно да се рече дека оваа манифестација во Задар, која беше проследена од сите локални и национални медиуми, долго ќе се памети, со надеж дека догодина ќе биде уште поуспешна.

М. Мајиќ

# МОСТОТ НА ПРИЈАТЕЛСТВО

Задар: 19-ти мај 2006-тата година беше значаен ден во Задар. За првпат во Р. Хрватска излезе од печат списанието "Задараски мост пријатељства". Беше подготвувано неколку месеци во соработка со ОСЦЕ Мисија Задар, според донесената одлука во него да земат учество седум национални малцинства на Задарската жупанија.

Уреднички на списанието се: Мирјана Мајиќ од МКД "Биљана" и Рина Вилани претседателка на Заедницата на Италијаните во Задар. "Задарскиот мост на пријателство" пишува за сите активности на националните малцинства кои живеат и работат на овие простори, а договорено е во него да не се објавуваат политички текстови, бидејќи политиката е за политичарите.

М.М.

ДЕВЕТТИ ДЕНОВИ НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ

# ТРАГИ НА ПРИЈАТЕЛСТВО ВО ОСИЕК И ЃАКОВО



"Деветтите денови на браќата Миладиновци", што традиционално се одржуваат секоја година во месец јуни во Ѓаково и Осиек, и оваа година беа презентирани на веќе познатите места. Во минатиот век Ј. Ј. Штросмаер и браќата Миладиновци оствариле пријателство





и меѓусебна соработка која им служи за пример и на денешните генерации, па таа врска ја почитува и ја поддржува традицијата и секоја година понудува впечатлива програма.

Организатор на манифестацијата е МКД "Браќа Миладиновци" Осиек, во соработка со Заедницата на Македонците во РХ и со средства и помош на Советот на националните малцинства при Владата на РХ, министерството за култура на РМ, Осиечко-барањската жупанија и градот Осиек. На прославата присуствуваа многубројни гости, меѓу кои беа и министерот-советник при Амбасадата на РМ во РХ, г. Стојан Руменовски, претседателката на Заедницата на Македонците во РХ, Славица Сагадин, парохискиот свештеник Кирко Велински, претставници на македонските друштва од Риека, Пула и Загреб и други гости.

Манифестацијата започна на 16 јуни, во 19.30 часот



со настап на женскиот камерен хор *Св. Злата Мегленска* од Скопје во Ѓаковачката катедрала-базилика. Концертот беше конципиран со дела од ризницата на источната литургија: Д. Шуплевски, Р. Аврамовски, Д. Бортњански, П. Динев, Д. Христов, М. Иванов, П. Чесноков, А. Арханѓелски, Т. Скаловски, З. Запров, М. Тајчевиќ, но застапен беше и В. А. Моцарт со "Шестте ноктурна". Бројните солисти и клавирската придружба ја дополнија високата професионалност на хорот и одлично се вклопија во овој креативен и чувствителен концерт.

Според традицијата, вториот ден на "Деветтите денови на браќата Миладиновци" продолжи во 10.00 часот, со приемот кај градоначелникот на Ѓаково, г. Зоран Винковиќ, кој гостите ги пречека срдечно и пријателски. Откако беа упатени топли зборови од страна на домаќинот и од страна на гостите, градоначалникот изрази желба оваа манифестација и во иднина да се одржува во нивниот град, а воедно беше повторно нагласена потребата од потесна соработка и врска помеѓу родниот град на браќата Миладиновци - Струга и градот Ѓаково. Потоа, пак традиционално, во 10.30 часот, сите гости го посетија спомен-музејот на J. J. Штросмаер, каде се споија изложените слики, експонати, исцрпното предавање на проф. Владо Филиќ и спонтаниот кус настап на хорот Св.Злата Мегленска. Понатаму, во катедралата, во 11.30 часот следеше централниот чин предводен од канцеларот Лука Стргар – полагање венци на гробот на J.J.Штросмаер. Овој чин за прв пат беше збогатен со музички прилог на хорот од Скопје. И оваа година не изостана полагањето венци на споменикот на загинатите бранители на Ѓаковштина.

Во градската библиотека и читална, во 12.30 часот беше одржана промоција на книгата "Македонско-хрватски и хрватско-македонски речник", чии автори



се проф. Драги Стефанија и проф. Борис Павловски. Промотори на книгата беа проф. Павловски и проф. Мирко Ќуриќ, а водител проф. Благоја Јовановски. Во музичкиот вовед настапи секцијата на Друштвото



# Збор два за хорот "Св.Злата Мегленска"

Летка Димовска –Пализова е основач и воедно и диригент на хорот. Како диригентка се ангажирала во повеќе хорови во Македонија, кои самата ги формирала и водела. Добила многубројни награди, како домашни така и меѓународни. Диригирала со хоровите при МРТ "Златно славејче", мешаниот хор "Кочо Рацин", камерниот хор при Соборниот храм "Св.Климент Охридски", детскиот архиепископски хор "Херувими", а сега со женскиот хор "Св.Злата Мегленска", па затоа и го доби епитетот - најуспешна жена диригент во Македонија. Живее и работи во Скопје во Агенцијата за иселеништво на РМ.

Хорот е формиран во 1996.година при Македонската Православна Црква, и тој е прв хор е од ваков вид во Македонија. Составен е од 22 женски вокали, од кои повеќето се млади академски музичари и студенти на Музичката академија од Скопје. Со помош на Министерството на културата на РМ, Министерството за надворешни работи, преку македонските амбасади, црквените општини, до македонски здруженија во дијаспората, хорот "Св.Злата Мегленска" остварил меѓународно претставување и афирмирање на македонската црквена музика, и тоа во Англија, Франција, Словенија, Хрватска, Австралија и во многу други земји. Музичката критика: ...Нивното пеење претставува окадување на иконите со темјан... За концертот во музејот Клини - Париз...Овие прекрасни ангелски гласови не соединија со универзалната убавина... Жак Лакариер – француски поет.

"Вардарки", чиј сплет од Македонски песни го потпомогна и хорот од Скопје, но и останатата публика.

Вечерта, на 17 јуни во Фрањевачкиот манастир Св. Криж во Осиек, пред многубројната осиечка публика, со уште еден концерт на гостите од Македонија - хорот Св. Злата Мегленска, заврши овогодишната манифестација.

Идната година ќе биде јубилејна, па ако се успее да се добије поголема финансиска помош се предвидуваат уште многу културни програми, како изложби, концерти и промоции на книги. Преку културата живееме, културата е една од белезите на големите цивилизации, а наша задача и цел е да ја величиме и тоа наследство да го пренесеме на другите.

Бранка Јањиќ
фотографии: Предраг Крстиќ

# ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ ПРИКАЗНИ



Загреб: Во средата на 17 мај годинава најстарото кино на Балканот – "Европа" (изградено во далечната 1906 година) беше домаќин на Македонија. Имено, таа ноќ во него се одржа промоцијата на два ДВД-а на популарната телевизиска серија "Македонски народни приказни". Нив, во соработка со Македонската радиотелевизија, ги доби Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб за бесплатно да им ги подарува на Македонците што живеат во Хрватска, но и на сите нивни хрватски роднини и пријатели што живеат на овие простори. Воедно, дел од овие дела ќе бидат подарени и на првото македонско училиште во Загреб, кое веќе шест месеци го посетуваат најмладите Македонци, кои се родени и живеат во Хрватска.

Промоцијата, освен претставниците од Советот, ја проследи и министерот-советник при амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска, господинот Стојан Руменовски, а беа присутни и сите најважни медиумски куќи од Загреб.

Во големото кино "Европа" пред околу 300 гости поздравен збор одржа претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, господинот Анастас Оџаклиески, кој рече: "Ова е голем настан за нас Македонците во Хрватска, затоа што оваа позната ТВ серија на МТВ за првпат се претставува пред хрватската јавност. Не знам дали оние што не се Македонци ќе разберат сè што ќе биде прикажано на екранот, но длабоко се надевам дека уметничкиот квалитет на артистите и креаторите на овој проект сите ќе го поздравите".



Потоа, беа прикажани две македонски народни приказни: "Бабата и екимот" и "Секој со својата мака". Проследивме аплауз на отворена сцена за одличните кадри на приказните, а на пригодниот прием по проекцијата, нормално со македонското вино и мастика, скоро сите раскажуваа како овие ТВ дела ги вратиле во минатото и им предизвикале носталгија за некои минати времиња.

текст и фотографии: М.А.В.

Совет на македонското национално малцинство за Град Загреб

# МАКЕДОНСКИОТ ГЛАС СЕ СЛУША ВО ХРВАТСКА

Г. Анастас Оџаклиески неодмана престојуваше во службена посета на Македонија, за време на која оствари неколку средби во неколку државни институции и асоцијации, при што се разговараше за состојбата на Македонците во Р. Хрватска, но и за понатамошната соработка на Р. Македонија со иселениците во нашата втора татковина.

Токму затоа, нашето прво прашање беше:

- Што како претседател на Советот на националното малцинство на Македонците за Град Загреб остваривте во Македонија?

- Тоа беше официјална посета, во организација на Амбасадата на РМ во Загреб и во соработка со надлежните министерства и институции. Главен домаќин ни беше Секторот за иселеништво при Министерството за надворешни работи на РМ. Остварени се средби во Министерството за култура, Министерството за образование, во Агенцијата за иселеништво, а имав средба и во Хрватската заедница на Македонија.

- Што беше целта на посетата?

- Најважно е што беше остварена соработка со претседателот на собранието на град Скопје, г. Благоја Чоревски. Нè прими како висока државна делегација, а на средбата присуствуваа и десетина телевизиски екипи, радиски новинари и претставници на пишаните медиуми. Г. Чоревски познава многу луѓе во Хрватска, помеѓу другите и пријател е и со премиерот Санадер. Значи, ја отвараме страницата во културниот дел на соработката меѓу Македонија и Хрватска, но мојата цел на разговорот со него беше подобри погодности за Хрватите во Македонија, што ќе резултираат со подобри односи на Македонците во Хрватска.

- Македонија и Хрватска имаат долгогодишни пријателски и билатерални односи. Што Вие како претставник на Македонците во Хрватска конкретно баравте од Македонија?

- Прво од Македонија баравме да се потпише договор за меѓусебна соработка и заштита на малцинствата помеѓу двете држави. Најбитното во оваа соработка е да се отвори прашањето на нашето претставување во Парламентот на Р. Хрватска, каде сега еден претставник од бошњачкото малцинство ги претставува петте национални малцинства: Албанците, Бошњаците, Црногорците, Словенците и Македонците. За таа цел, се изјаснивме со соопштение кое го упативме до ХИНА, а се однесува и на претседателот на Саборот на РХ, г. Шекс, во кое ние петте национални малцинства бараме во изборниот закон да се предвиди можност да бидеме директно застапени.

- Со оглед на тоа што ние Македонците во РХ според пописот сме 0.03% , дали е реално да имаме свој пратеник во Саборот на РХ?

- Нашата желба е да имаме, а дали ќе имаме зависи од хрватските власти. Не се работи токму за нашето национално малцинство - ќе биде или нема да биде, туку се работи за некои подлабоки прашања, кои, јас ги разбирам, ама не можам да ги сфатам во потполност. Сепак, го отворивме ова прашање и се надевам дека работите ќе тргнат по својот тек. Јас имам неколку решенија како тоа може најбезболно да се изведе, но прашање е дали ќе прифатат нешто од тоа. Повеќе би сакал тоа да биде некако како некое признание на нашето малцинство, а од друга страна го гледам како една афирмација на Македонците во местото каде што живееме. Можеби сме малку, ама тоа не значи дека нашите цели се мали.

- Како долгогодишен активист неколку години се залагате за изградба на Македонски културно – црковен центар во Загреб. Ќе биде ли некогаш изграден?

- Директно од Советот уште пред една година ги имаме поставено овие прашања. Сега се чувствува една сосем поинаква ситуација. Се разбира, во однос на решавање на нашите прашања и на нас како дијаспора. Меѓутоа, сè уште тоа не е доволно. И колку што разбрав во некои неофицијални разговори, проблем се и финансиските средства, ама има и еден друг проблем. Таму ги имаат насочено земјите од соседството на Македонија, а Хрватска не е соседна земја. Тоа не значи дека сме помалку значајни од другите, а и се знае дека ние сме една од поорганизираните и, ако не, една од најдобрите.

- Од сите овие наши заложби на Македонците во РХ колку Македонија дава и материјално и морално за исполнување на нашите цели?

- Оваа наша работа, која трае веќе три години како конкретни контакти, според мене, вродија со плод. Тоа ќе го потврдам со примерот дека ние дадовме една апликација во Министерството за култура на РМ. И за првпат таа институција додели некои средства и тоа на три асоцијации во светот: една во Бугарија, една во Австралија и една на нашиот Совет во Загреб. Тоа не се некои големи средства, имаат пред сè симболичко ниво, но мене необично ме радува дека сликата за нас "долу" се менува и дека од нашата матична земја ќе имаме сè повеќе и повеќе поддршка.

## HRVATIMA STATUS MANJINE

Hrvatski premijer Ivo Sanader je prilikom jednodnevnog posjeta Skopju zatražio od svog makedonskog kolege Vladimira Bučkovskog priznavanje Hrvata kao manjine u Makedoniji. "Makedonci su prepoznati kako nacionalna manjina u Hrvatskoj, te je naše mišljenje da bi Hrvatima u Makedoniji također trebao biti omogužen takav status", naglasio je Sanader. Makedonski premijer Bučkovski izrazio je spremnost da Hrvatima prizna status manjina u svojoj zemlji.

"24 sata" - 31.05.2006.

# SANADER U POSJET MAKEDONIJI

Skopje – U odnosima Hrvatske i Makedonije ne samo što nema otvorenih pitanja, nego se oni stalno unapređuju, posebno na području približavanja euroatlantskim integracijama, što je strateški cilj obiju zemalja, složili su se jučer u Skoplju premijeri Hrvatske i Makedonije Ivo Sanader i Vlado Bučkovski.

Predsjednik hrvatske Vlade Sanader sa suradnicima, među kojima su i ministri gospodarstva i kulture Branko Vukelić i Božo Biškupić, jučer je bio u jednodnevnom posjetu Makedoniji. Premijeri su istaknuli izvanrednu suradnju dviju vlada na putu k euroatlantskim integracijama i najavili nove aktivnosti na tom planu i u bilateralnoj suradnji. Europska Unija, naglasio je Sanader, ne može stati na proširenju uključivanjem Rumunjske i Bugarske, kao ni Hrvatske, jer ako želimo novu, prosperitetniju Europu bez krvavih ratova iz prošlosti, onda europska integracija nema alternative i u njoj moraju biti i Makedonija, kao i ostale zemlje u regiji.

Komentirajući rezultate crnogorskog referenduma, premijeri Sanader i Bučkovski složili su se da rezultat referenduma u Crnoj Gori znači stabilnost za regiju i otvaranje njezina puta k Europi i NATO-u.



# БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ НА САМИТОТ ВО ОПАТИЈА

Опатија-Риека: Најголемиот политички собир во историјата на Опатија, регионалниот Самит, на едно место ги собра највисоките претставници од единаесет југоисточни држави, како и делегацијата на Европската Унија и УНЕСКО, меѓу кои беше и претседателот на Република Македонија, Бранко Црвенковски.

На тема "Комуникациско наследство: Нова визија на Југоисточна Европа", во двата дена беа собрани претседателите на Хрватска - Стјепан Месиќ, Бугарија- Георги Прванов, Албанија - Алфред Моисиу, БиХ - Сулејман Тихиќ, Црна Гора - Филип Вујановиќ, државниот министер на Турција - Махмед Аудин, Романија - Виргил Нитулески, министерот за култура на Србија - Драган Којадиновиќ и амбасадорите на Словенија и Грција Милан Огожен и Панајотис Баизос. На овој значаен собир присуствуваше и генералниот директор на УНЕСКО, Коиширо Мутсура, а ЕУ ја претставуваше главниот секретар на Советот на Европа, Тери Дејвис.

На пленарната седница учествуваа сите 11 претседатели и претставници на државите учеснички, а покрај домаќинот, претседателот Стјепан Месиќ, зедоа учество и претседателите на Саборот и Владата на Р.Х., Владимир Шекс и Иво Санадер.

Г.Стјепан Месиќ на новинарите им изјави: "Добра е оваа идеа да се најдат претседателите на државите од регионот и да поразговараат за културните наследства во своите земји. Овие теми не се само од интерес за југоисточна Европа, туку и за Европа во целина. Некои од овие земји се веќе во Европа, некои наскоро ќе бидат и затоа имаме многу заеднички теми за разговор."

На Самитот е донесена Стратегија за утврдување и одржување културни коридори во југоисточна Европа, кои ќе бидат темел за разработка на акцискиот план за заштита на културните богатства во регионот. По три одржани Самити на шефовите на овие држави, на граѓаните им се достапни интернет страници со сите податоци за културните регионални богатства, а реализиран е мултимедијалниот проект со цел младите да се едуцираат за зедничкото наследство на жителите во овој дел на Европа.

Четвртиот Самит заврши со усвојување на "Опатиската декларација", во која учесниците го поздравуваат интензивниот регионален дијалог, кој напредува од последниот регионален Форум одржан во Охрид 2003 год.

Во завршната изјава секретарот на Советот на Европа, Тери Дејвис, рече дека при Советот на Европа започнат е пилот-проект кој ке биде презентиран на следната средба во Романија, а генералниот директор на УНЕСКО, Коиширо Мутсура ги пофали домаќините и им даде целосна поддршка.

В. Настески

# Поддршка за членство во НАТО

Бриони: Од 24 до 26 април годинава на Бриони се одржа состанок на министрите за надворешни работи и одбрана на земјите потписнички на Јадранската повелба и балтичките земји. Целта на министерската средба беше да се поделат конкретните искуства во приближување кон НАТО сојузот, а сè во контекст на трансатланскиот дијалог и перспективата за понатамошно проширување на НАТО.

Покрај домаќините, министерката за надворешни работи и европски интеграции на Хрватска, Колинда Грабар - Китаровиќ и министерот за одбрана, Берислав Рончевиќ, на состанокот учествуваа и нивните колеги од Албанија, Литва, Летонија и Естонија. Македонија ја претставуваа министерката за надворешни работи, Илинка Митрева и Јован Манас. Министерскиот состанок го увелича и претседателот на Република Хрватска, Стјепан Месиќ, кој истакна дека средбата е уште една поддршка на овие земји за влез во евроатланските интеграции, односно во НАТО.

Во своето излагање претставникот на НАТО, Роземари истакна дека земјите членки на Јадранската повелба даваат поддршка во борбата против глобалниот тероризам. Постои надеж дека земјите членки, до состанокот на Сојузот во 2008 година, ќе ги исполнат сите услови за прием во оваа асоцијација. Албанија, Македонија и Хрватска веќе дадоа важен придонес во решавањето на кризите во светот, а се очекува тоа и понатаму да го прават.

М.П.

# ХРВАТСКА И МАКЕДОНИЈА ЧЕКОРАТ КОН НАТО

Делнице-Риека: Делегација на специјалните единици на македонската војска беше во тродневна посета на хрватските вооружени сили во склоп на билатерарната соработка меѓу Хрватска и Македонија, а со цел меѓусебна размена на воени искуства. Делегацијата



ја предводеше мајорот Сашо Исовски, која во Делнице и околните места престојуваше од 4 до 6 април годинава.

Претседателите на МКД "Илинден", Илија Христодулов и Советот на македнското национално малцинство, г-н Михаило Давчевски, го искористија престојот на делегацијата во Риека за да ја поканат да го посети риечкото Друшво. Домаќините ги запознаа своите сонародници со добрата соработка со хрватската држава и со локалнита самоуправа по прашањата на почитување и регулирање на постоечките закони за националните малцинства. Со гостите од Македонија беа и офицери на Хрватската војска, предводени од заповедникот на единицата за специјално дејство во овој дел на Хрватска, бригадирот Никола Жупаниќ.

На средбата која е одржана во салата на ВТ Центарот, а во пријателска и блиска средба на војниците и голем број Македонци од Риека - членови на "Илинден", набргу се воспостави близок контакт, беа поставени повеќе прашања за животните прилики на Македонците во Хрватска, а и за настаните во Македонија, особено за состојбата во македонската војска.

Запрашан за меѓусебните контакти на овие две пријателски војски, бригадирот Жупаниќ рече: "Хрватска со сигурни чекори брза да стане полноправна членка во НАТО, па затоа тежнее за што подобри односи со другите војски, особено со Македонија и Албанија, членките на Јадранската повелба, со кои е воспоставена размена во воена обука и вежби на специјалните единици."

Мајорот Исовски, кој ја предводеше војната делегација, запрашан за состојбата во Македонската војска, рече: "Македонската војска е по својата бројност, а особено по зацртаните цели кон НАТО сојузот, слична како и хрватската. Едните од други многу можеме да научиме, па така на нашиве домаќини им пренесуваме искуство од дејностите на нашите специјални единици во Ирак и во другиоте земји, а од хрватската војска очекуваме слични искуства."

В.Настески

# ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА НА АМБАСАДОРКИТЕ ВО Р.Х.

Загреб: На 20 мај годинава во дворот на Глипкотека се одржа една племенита манифестација. Имено, во организација на Меѓународниот клуб на жените на Хрват-




ска беше организирана хуманитарна акција. Одзивот беше импозантен. Во прекрасниот парк на Глиптотеката беа поставени повеќе од дваесетина штандови на кои можеа да се купат и пробаат специјалитети од дваесетина земји, кои имаат свои официјални дипломатски претставништва во Република Хрватска. Република Македонија ја предводеше г-ѓа Хириете Несими, сопругата на неговата екселенција амабасадорот на РМ во РХ г. Махи Несими. Со помош на своите соработнички, на македонскиот штанд се нудеше: тавче гравче, урнебес салата, три вида баклава (од која најдобра беше онаа што ја подготви г-ѓа Несими) и, се разбира, македонски вина. Овој македонски мени наиде на одличен прием кај многубројните посетители на манифестацијата, па беше инкасиран одличен приход.

М.А.В.

# ТВОРЕШТВО ОТВОРЕНО КОН СВЕТОТ





- Оригиналниот и сликовит исечок на дел од богатото и плодно македонско културно богатство и творештво, вткаено во длабоките корени на македонскиот културен и духовен амбиент, по единаесети пат се претстави во Пула пред бројните сонародници и сограѓани, благодарение на големиот труд, ентузијазам и добрата организација на МКД "Кочо Рацин" од Пула, Советот на македонското национално малцинство за Град Пула, издавачката куќа Завичајна наклада "Жакан Јури" и писателот Алдо Климан. Четири дена од 24.-27. мај годинава манифестацијата беше во центарот на вниманието на Пула.

Манифестацијата ја отвори и во името на домаќините ги поздрави проф. Алдо Климан, министерот-советник во Амбасадата на РМ во РХ, г. Стојан Руменовски и долградоначалникот на Пула, г. Фабрицио Радин, како и учесниците во информативно-научната манифестација - тркалезната маса, претстојникот на Институтот и водител на Катедрата за Македонистика на Филозофскиот факултет во Загреб, проф. д-р Борислав Павловски, професорот на Филозофскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Људмил Спасов, Јордан Костадинов, основачот на ОМО "Илинден" од Сандански, Република Бугарија, писателот, романсиер и раскажувач, г. Ташко Георгиевски, авторот на романот "Црно Семе", при што ја најави проекцијата на истоимениот филм во режија на Кирил Ценевски во пулското кино "Загреб".

Оригиналната и богата програма заслужува секако не само внимание туку и добар збор, зошто да не претеруваме, но во добар дел од транзициските земји културата, ни крива ни должна, се најде на дното



на државните и други буџети. А донаторите имаат многу повеќе за сè друго отколку за културата.

Без разлика што дождот го спречи "Македонското фолклорно утро", претставувањето на првиот

"Мал македонско-хрватски и хрватско-македонски речник" од скоро 5.000 зборови, со мошне издржан вовед и толковник, беше не само историски миг, туку и "вкусно колаче". За тоа најдобро сведочат промотивните зборови на проф. д-р Људмил Спасов, декан на Филолошкиот факултет од Скопје, зборовите на проф. д-р Иван Зоричиќ и неговиот загребски колега проф. д-р Борислав Павловски. Првиот лектор по македонски јазик и прв идеен зачетник и автор на недовршениот хрватско-македонски речник, проф. Петар Кепески не доживеа да ги здогледа и ужива во плодовите на своите идеи и заложби. Тоа им припадна на неговите студенти, колеги и почитувачи.

"Поделбите на Македонија и македонската дијаспора денес" беше тема на мошне интересната и возбудлива трибина – тркалезната маса, на која за тој трагизам, како сублимирана нова енергија кон нови дострели, зборуваа Огнен Бојациски, публицист од Загреб, Јордан Костадинов, истакнат македонски деец од Пиринска Македонија, Горги Василевски, филмски историчар и критичар од Скопје, проф. д-р Борислав Павловски од Загреб, како и самите учесници во публиката. Сосем спонтано беше наметната потреба да се роди иницијатива за испраќање Меморандум до Собранието на Република Македонија (види рамка) во неколку точки со резолутно барање за поголема грижа и афирмација на македонската култура и јазик, не само меѓу Македонците во соседните земји туку и во прекуокеанската дијаспора, што беше акламативно подржано и прифатено.

Истата вечер, љубителите на македонската народна творба, овојпат на приказните, можеа да ја проследат промоцијата на италијанскиот превод на збирката "La Macedonia racconta – Favole e magia" или "Македонија – раскази и пословици", што ја подготви и преведе големиот пријател на Македонија и на македонскиот пишан збор, писателот Џакомо Скоти, кој и самиот ја нагласи својата трајна вљубеност во Македонија и нејзиното поливалентно творештво. Делото е издадено благодарејќи на агилниот и неуморен издавач – Завичајна наклада "Жакан Јури", што ја предводи писателот Алдо Климан. За книгата зборуваа писателката-италијанка



Флорина (Лерин), Грција 22.05.2006

## До членовите на Македонската заедница во Хрватска по повод 11 Денови во Истра

Почитувани браќа и сестри Македонци,

Би сакале најнапред да се заблагодариме за поканата што беше упатена до "Виножито" од организаторите на ова манифестација да присуствуваме на неа. За жал не можеме да бидеме со вас овие денови. Ќе ни беше и чест и радост да се запознаеме и да бидеме меѓу нашинци, ама обврските и активностите на нашето движење нѐ тераат да го одложиме ова видување за во иднина.

Имено, токму на истите датуми од 24-28 мај се организира годишниот Конгрес на ФУЕН - Федералната Унија на Европските Националности, асоцијација на организации од народи и национални малцинства од европските земји, која има советодавна улога при Советот на Европа. "Виножито" е член на ова асоцијација и настојува да ја искористи ова позиција за промовирање на политичката платформа на движењето истакнувајќи ја пред сѐ дискриминаторската политика на Грчката држава против Македонското население во Северна Грција. Заради горенаведените причини, членовите на раководството на "Виножито" мора да присуствуваат овие дена на Конгресот на ФУЕН во Германија, така што беше неизводливо да ја посетиме Пула во истиот период.

"Виножито" е формирано во 1994 година, се регистрираше како политичка партија и се бори за целосна национална еманципација на Македонското население во Грција. Треба да се спомене дека се гордееме со фактот дека во нашето членство не се само Македонци и Македонки туку и припадници на мнозинскиот народ Грци, кои имаат демократски и хумантирни гледишта, но и политички мисли, се сплотија со нас во нашата политичка борба, доказ дека сме на добар пат далеку од националистички, шовинистички и нетолерантни идеологии.

Наша должност е како млади луѓе да се бориме да не се повторат голготите на Македонскиот народ од минатите децении. Настојуваме со демократски, мирен и достоинствен начин да ги убедиме нашите Грци сограѓани и Грчката држава преку нашата политичка активност дека во една европска и демократска држава каква што настојува да биде Грција, нема место на дискриминаторски политики против било кое малцинство, против било кој поединец. Впрочем, Европа е ќе биде наша денешна и идна татковина.

Испраќаме срдечни поздрави до сите вас и ви посакуваме успешна работа во овогодишните "Денови на Македонската култура" во Пула.

Од името на политичкиот Секретаријат на "Виножито",
Павле Филипов - Воскопоулос

# Писмо Порака

Почитувани сонародници, драги Македонци,

Ви се јавувам од далечната Канада за да го поздравам овој важен собир на Македонците кои живеат во Хрватска, собир на кој ќе се слават македонската култура и македонскиот јазик. Собир на кој со најголема гордост ќе се чествува Денот на Свети Кирил, Македонец од Солун, еден од најобразованите луѓе во историјата на Европа.

Како издавач на македонски весник во Канада и како член на Канадско - македонското движење за човекови права, кое од неодамна стана интернационално, јас секојдневно водам борба за зачувување на македонскиот идентитет на овие простори. Во иселеништвото состојбите се конфузни, а понекогаш и катастрофални. Пропагандите на околните земји овде делуваат слободно. Нашиот народ, особено оној од окупираните делови, кога со Букурешкиот договор од 1913 година македонското тело беше распарчено, и овде, на овој континент живее во страв да се изјасни како Македонец или да отиде во Македонска црква. Денес, во 21 век, делови од нашиот народ сè уште живеат без елементарни човечки и национални права.

Сепак, пирејот не се откорнува. Во Лерин, Егејскиот дел на Македонија, се наоѓа седиштето на политичката партија на Македонците во Грција "Виножито". Се случува незапирлив препород на националната мисла во тој дел на Македонија и тој процес не може повеќе никој да го спречи.

Во деведесеттите години Македонците во Пирин ја формираа Обединетата Македонска Организација "Илинден", која, бугарската влада, до ден денес одбива да ја регистрира, а нејзините членови беа прогонувани и затворани. Минатата година Европскиот Суд за човекови права во Стразбург пресуди во корист на ОМО "Илинден" и ја осуди Бугарија за непочитување на националните права на Македонците.

Минатата година Македонците кои живеат во Албанија во деловите Мала Преспа, Голо Брдо и Гора се обединија во единствена национална организација и ја формираа партијата за Европска интеграција, а на зградата на општината во село Пустец го истакнаа еден од најстарите македонски симболи, сонцето од Кутлец.

Јас сум издавачка и уредничка на весникот "Македонски Вести" во кој не постојат административните граници на Македонија. Во весникот редовно објавувам информации за Македонците кои живеат во другите делови на Македонија, но и за македонските заедници кои егзистираат и во други делови на светот. Токму поради ова



изложена сум на закани од страна на одредени Македонци, што се случува и со другите медиуми кои се обидуваат да го заштитат и афирмираат македонскиот идентитет.

Со радост ќе ја објавам информацијата и за овој ваш собир и од срце му благодарам на Алдо Климан за контактот што го направи со мене и поканата што ми ја упати да бидам денес заедно со вас, која за жал,



заради презафатеност, не можев да ја прифатам.

Но, денес техниката ни овозможува секојдневно да бидеме во меѓусебен контакт и да формираме македонска светска мрежа комуникации, без оглед во кој дел на светот живееме.

Од срце ги поздравувам сите присутни гости и им посакувам пријатен престој во преубавата Пула.

До некое следно видување,
Лилјана Рисатова, Торонто, Канада

од Пула, Џана Далемуле-Авсена и Алдо Климан.

Се разбира дека Деновите не можеа да минат без филм и поезија: во контекстот на трибината "За поделбите на Македонија..." беше прикажан, денес можеме да кажеме легендарниот и скоро единствен филм од таа тематика "Црно семе" на Кирил Ценевски, а во "Македонската соба" во типичниот северно-медитерански амбиент на прекрасната Пула беше одржана поетската вечер на двајца извонредни и оригинални поети: Ристо Јачев и Серафим Гоцев од Пиринска Македонија. Емотивно-рефлексивната поезија, таа волшебна музика на зборот и речта на Ристо Јачев не само што ја возбуди публиката, кревајќи ја на нозе, туку придонесе да се разбере и тивката-скриена нота на носталгијата, преку мошне интересниот, скоро метафизички, интермецо на Серафим Гоцев.

Но, саботата беше за најбројните посетители на легендарниот Роч и Хум, по патеките на Алејата на глаголјашите, каде што се наоѓаат прекрасните мермерно-камени скулптури на Светите Кирил и Методиј, на мудриот Св. Климент Охридски и мнозина други од таа епопеја,

највесела и најбучна. Песната, традиционалното оро, дружењето и дружељубието, радоста што се собрале Македонците и нивните хрватски и италијански пријатели од Истра, како и многу други, сеќавањето на минатите "Денови..." и плановите за догодина, ги исполнуваа срцата и душите на сите присутни.

"Догледање догодина и од срце Ви благодариме!" беа зборовите што заедно со насмевките значеа простување.

Прилогот го подготвија:
Огнен Бојаџиски
Ратко Димовски
фотографии: Елизабета Петровска



## Џакомо Скоти

Откога се докажал со преводи на авторската и народната книжевност, особено лирските песни, како самиот вели писателот Џакомо Скоти, предизвик му станала епската поезија, на која ѝ ги посветил новите литературни трудови, па така се упатил кон преведувањето на комитскиот циклус на епските песни за Крали Марко и по новиот циклус од борбата за слобода на Македонците. Сега најновото книжевно дело на Џакомо Скоти: "La Macedonia racconta - Favole e magia" или "Македонија - раскази и пословици" е промовирано на трибината на 11 Денови на Македонската култура во Истра. Издавач е Завичајната наклада "Жакан Јури" од Пула, подготвена од уредникот, проф. Алдо Климан. Промоторка на оваа книга беше членката на италијанскиот литературен круг во Истра, писателката Цана Далемуле-Авсена. Оваа промоција, беше одржана на италијански јазик. Во рамките на промоцијата, авторот го раскажа познатиот македонски расказ "Поповата нова кошула".

Писателот Џакомо Скоти е познат и почитуван меѓу Македонците во Пула, Истра, Риека и Приморјето, во Италија, Европа и светот. Тој со својот богат опус



е своевиден мост меѓу големиот италијански литературен пазар, кој е во состојба да апсорбира голем број разновидни книжевни дела од македонските автори, што ги прибележил и ги претставил со своите преводи. Воодушевен со поезијата на браќата Миладиновци им го посветил својот труд, преведувајќи ја збирката на нивните песни на италијански јазик. Така песната "Т'га за југ", која според својата мелодичност ја задржува убавината и во превод на италијанскиот, стана светски препознатлива. Исто така, овој ценет писател и преведувач му го отворил патот на Кочо Рацин и "Белите Мугри", а потоа следат неколку преводи на неколкумина особени македонски автори.

# МАКЕДОНЦИТЕ ГО ТРЧААТ ПОЧЕСНИОТ КРУГ КОН ЕУ

На 1 јуни годинава во Загреб се случи невообичаен настан. Имено, овде допатува Македонската трочлена пешачка екипа, предводена од г. Емил Илиќ, чија цел е лобирање за влез на Р. Македонија во НАТО, европските интеграции и олеснување на визниот режим на граѓаните на Македонија, за нашата држава да стане равноправна членка на ЕУ. Овие необични амбасадори на Македонија тргнаа пеш, со велосипед и пливање, на 26 мај годинава од Скопје и имаат намера по Македонија, Србија и Хрватска да поминат уште 13 европски земји, поточно, 11.000 километри.

И додека во сончевата Опатија се собираа државниците на Самитот на југоисточна Европа, македонските маратонци во Загреб ги пречека највисокиот државен врв. Најнапред, тие беа примени во Амбасадата на РМ во РХ од страна на министерот -советник г. Стојан Руменовски, кој им посака добредојде. Во Амбасадата беа и повеќе челници на асоцијациите на македонското национално малцинство во Хрватска, како и неколку претставници на хрватските јавни медиуми.

Потоа, македонските маратонци беа примени во кабинетот на претседателот на Р. Хрватска, Стјепан Месиќ, каде домаќин им беше специјалниот советник, г. Жељко Матеја. Со убавите зборови за пријателството на маратонците им беше врачен и специјален подарок – СВЕЧЕНО ЗНАМЕ НА ХРВАТСКА, што го добиваат само највисоки спортски државници. Исто така, претседателот Месиќ му упати лично писмо на г. Илиќ.

Веднаш потоа, македонските маратонци беа примени во кабинетот на градоначалникот на Загреб, каде домаќин им беше г. Марјан Марас, шеф на Кабинетот на загребскиот градоначалник. Во конструктивната и пријателска атмосфера беа разменети искуства за спортот во Македонија и Хрватска, а беа договорени и идни соработки, кои ќе се остварат во заеднички проекти меѓу градоначалникот на Загреб, г. М. Бандиќ и градоначалникот на Скопје, г. Т. Костовски.

На крајот на својот престој во Загреб македонските маратонци беа примени во Заедницата на Македонците во РХ, при што, во срдечна атмосфера се сретнаа со Македонците што живеат и работат на овие простори.

При тоа, г. Илиќ, специјално за "Македонски глас" изјави:

- Пријатно сум изненаден од македонската Амбасада во Хрватска, каде нè прими г. Руменовски, кој направи сè да се чувствуваме како да сме во Македонија. Благодарение на неговите заложби бевме примени и почестени од највисокото хрватско раководство и средствата за јавно информирање, затоа што е многу важно да се чуе гласот на македонскиот народ. Голема благодарност и на претседателот на Семакедонската координација во РХ, г. Анастас





Оџаклиески, кој нè прими како големи луѓе. Исто така, голема чест ни беше што се сретнавме и со првиот претседател на Заедницата на Македонците во РХ, г. Никола Гроздановски, кој ни посака да се остварат сите вековни желби на Македонците, било каде да живеат.

По посетата на Загреб, македонските маратонци го продолжија својот долг маратон за Љубљана.

М.А. Вујаклија

Во склопот на Jazz'a'Nova настапи Михаил Парушев - Мишко

# МИШКО - САМ ПРОТИВ СИТЕ!




Михаил Парушев - Мишко е роден 1976 година во Скопје. Почнува да свири на удиралки со шест години, а Гарабет Тавитјан, прославениот тапанар на оригиналната постава на "Леб и сол", му станува ментор кога имал осум.
Од 1989 година се појавува во поставата на неколку скопски групи (Oktavian, Seth, Arhangel, projekt Zlust). Во 1990 година е прогласен за најдобар тапанар на рок фестивалот одржан во Скопје. Истата година се запишува во музичкото училиште во класата на Зоран Спасовски ("Анастасија").
Неколку години соработува со Влатко Стефановски во неговото "Трио".
Во десегашната кариера често настапувал на концерти во Европа, Америка и Канада.
Моментално живее во Скопје, каде што има свое студио и настапува како тапанар во "String forces".

Без посебни најави и скоро без никаква реклама таа вечер во "Пургерај" настапи Михаил Парушев - Мишко. Наводно бил на поминување низ Загреб и организаторите успеале да го наговорат да одржи концерт. Музиката со која Мишко се претстави беше дел од неговиот "Sentence Project" - перформанс во кој свири тапани на различни музички подлоги.

Што се однесува до професионалниот пристап на Мишко таа вечер, немам никакви забелешки. Пред загребската публика се претстави сосема коректно. Можеа да се слушнат различни музички стилови: од ethno, преку jazz до house, зачинети со препознатлив македонски ритам.

Публиката на самиот почеток беше прилично резервирана. Особено оној дел кој остана во надворешната просторија на клубот. Меѓутоа, со секоја нова Мишкова нумера околу него имаше сè повеќе публика.

За крај би најавил дека ова лето во "Пургерај" се очекува и настап на Фолтин, но за тоа ќе мора да го причекате следниот број на "Македоски глас".

Текст и фото: С. Д.

ИВО КУЈУНЏИЌ, НОВИОТ ХРВАТСКИ АМБАСАДОР ВО МАКЕДОНИЈА

# НОВИНАР, А ТРПЕЛИВ И ТОЛЕРАНТЕН



*По природа сум трпелив и толерантен, голем поборник на тимската работа, што е важно и во телевизиското новинарство и во дипломацијата. Затоа со колегите во Хрватската Амбасада во Скопје многу добро соработувам, а еднакво се трудам да воспоставам што подобар контакт со државната власт во Македонија, како и со странските дипломатски претставништва во Скопје*

Од пред неполни два месеца, Иво Кујунџиќ ја презеде должноста хрватски амбасадор во Македонија. Роден во Загреб 1959-та година, завршил факултет за политички науки, а во досегашната работа се занимавал со новинарство и со дипломатија. Бил дописник на Хрватската радио-телевизија од Будимпешта, каде работел и како прв секретар на Амбасадата на РХ. На функцијата амбасадор доаѓа од местото уредник на емисија за Хрвати во соседните земји на Хрватската телевизија. Во своето прво интервју откога ја презема должноста амбасадор, открива зошто е добро проширувањето на ЕУ и НАТО со земјите од Западен Балкан и зошто неговото семејство нема да дојде во Македонија.

***Вие сте новинар, исто како и Вашиот претходник Александар Милошевиќ. Дали е тоа само случајност или Хрватското министерство за надворешни работи сѐ повеќе се потпира на новинарите како свои дипломатски претставници?***

- Хрватската дипломатија се потпира на професионализам и се труди во дипломатската служба да има што повеќе дипломати од кариера. Исто така, во дипломатската служба, по потреба, се ангажираат професионалци од други области, ако тие се потребни на одредени работни места, без разлика од која струка доаѓаат. И во другите дипломатии има случаи на амбасадорски места да доаѓаат луѓе кои не се дипломати од кариера, но добро ја познаваат земјата во која доаѓаат, и со своето искуство и знаење можат да придонесат за соработката меѓу двете земји. Точно е дека во хрватската дипломатија има одреден број поранешни новинари, па логичен е заклучокот дека моите претходници веројатно се покажале добри штом повторно се ангажираат наши колеги. Мора да истакнам дека мојот претходник, г. Милошевиќ, кој инаку одлучи да му се врати на новинарството, со своите совети многу ми помогна за време на преземањето на должноста, па и јас ќе се трудам моите искуства да му ги пренесам на мојот наследник кога ќе ми истече мандатот.

***Поделено е мислењето на државите-членки на ЕУ, за прием на држави од Балканот во европското семејство. Некои се за натамошно проширување на Унијата, додека други мислат дека тој процес треба малку да застане. Какво е Вашето мислење за ова?***

- Земјите од Процесот за соработка добија на Самитот во Солун јасна перспектива, која ќе биде втемелена на достигнувањата на секоја од нив во исполнувањето на зададените критериуми. Солунската декларација, значи, јасно ја зацрта европската перспектива на регионот, а процесот на вклучување на Хрватска во ЕУ и во НАТО е едногласно оценет како поттик за другите земји од регионот. Подготвени сме и ние во тој процес да продолжиме да им даваме стручна и техничка поддршка на соседите, бидејќи трајната стабилност и напредокот на Југоисточна Европа може најдобро да се постигне со членство на сите држави од регионот во ЕУ и НАТО. Тоа не е само интерес туку е и одговорност на Хрватска, како еден од предводниците на евроатлантските интеграции и активности во овој дел од Европа.

***Вашето семејство сѐ уште не е дојдено во Македонија, но очекувате наскоро да Ви се придружи. Колку и како тие ја прифатија оваа промена да заминат и да живеат во друга земја, оставајќи го, за одреден период, претходниот начин на живот?***

- Моето семејство е во Загреб, бидејќи сопругата е дипломиран правник и има своја кариера, која не сака да ја остави, а ќерка ми оди во втор клас во Школата за применета уметност и дизајн. Тоа училиште многу и се допаѓа и не сака да го менува. Фамилијарно се договоривме јас да ја прифатам понудата за оваа одговорна должност, а сопругата и ќерката имаат намера сите празници и годишни одмори да ги поминуваат во Македонија. Беа овде за Божиќ и за Нова година, и многу им се допадна тоа што го видоа во Скопје и во Битола. Имам намера уште да ги водам во Охрид и на други интересни места.

***Дали имате досега некое искуство со Македонија, дали сте доаѓале порано и имало ли интересни случки при тие посети?***

- Често пати како телевизиски уредник доаѓав во Македонија – во последните четири години повеќе од 20 пати. Секое доаѓање беше интересно, пред сѐ поради луѓето кои овде се срдечни и гостопримливи. Во Македонија ми се допаѓаат отвореноста и позитивното размислување на жителите, како и големото пријателство кое го покажуваат кон Хрватска. Како амбасадор ќе се трудам и понатаму да ги развивам пријателските односи меѓу двете земји, а особено да ги унапредам стопанските врски, затоа што економскиот развој на двете држави ни е многу потребен.

Јелена Димовска, преземено од "Теа модерна"



# Г. ПИМЕН ВО ПОСЕТА НА ХРВАТСКА

- Прва канонска визитација на Епископот полјански и администратор на Европската Епархија

Неговото Преосвештенство г. Пимен, администратор на Европската Епархија, во периодот од 9 до 15 мај годинава ја направи својата прва канонска посета на Р. Хрватска, по назначувањето од Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква за администратор на Македонската Православна Епархија за Западна Европа. Целта на посетата пред сè беше претставување како надлежен епархиски архиереј пред верниците во македонските православни црковни општини и запознавање со условите во кои тие живеат и работат.

Беа посетени македонските православни црковни општини и македонските културни друштва во Сплит, Риека и Пула. За време на посетата, епископот Пимен го придружуваше ѓаконот Горан Стојчевски. Посетата на надлежниот Епархиски архиереј г. Пимен беше во насока интезивирање на литургискиот живот во црковните општини, продлабочување на добрите односи со Комисијата за верски заедници при Владата на Р. Хрватска, Градското поглаварство, Католичката црква, како и со останатите верски заедници на овие простори.

Неговото Преосвештенство г. Пимен исто така се запозна со состојбите во тој дел од Европската епархија од редовниот парохиски свештеник отец Кирко Велински, како и од претседателите г-ѓа Стојанка Тежак, г. Момчило Карајанов, г. Игор Јаневски и членовите на црковните општини во Загреб, Сплит и Пула.

Според протоколот, кој со благослов на Неговото Преосвештенство г. Пимен беше организиран од страна на парохискиот свештеник и членовите на управните одбори на црковните општини, беа остварени средби со министерот за култура и претседател на Комисијата за верски прашања г. Божо Бишкупиќ и секретарот г. Фрањо



Дубровиќ, монсињор Владо Кошиќ, помошен Бискуп при Загребачката надбискупија, во македонската амбасада во Загреб со Неговата Екселенција, г. Махи Несими, со министер – советникот г. Стојан Руменовски и военото аташе на Р Македонија генерал Драган Андревски, како и со градоначалникот на Загреб, г. Милан Бандиќ. Покрај ѓаконот, епископот на овие средби го придружуваа и отец Кирко Велински, г-ѓа Стојанка Тежак, г. Невен Сукаровски, г-ѓа Јулијана Кенинг и г. Иван Лепитков.

Неговото Преосвештенство г. Пимен на средбата со министерот Бишкупиќ и секретарот г. Дубровиќ се заблагодари за досега стореното за Македонската Православна Црква на овие простори со надеж дека ќе продолжиме со истата динамика на взаемна соработка, а за доброто на сите.

Министерот г. Бишкупиќ истакна дека Македонците се лојални, чесни, одговорни граѓани и можат да бидат пример за интегрираност во хрватското општество... На помошниот бискуп г. Владо Кошиќ, исто така, му беше искажана благодарност за поддршката на Македонската Православна Црква од Римокатоличката црква во целина, а посебно овде во Р. Хрватска, која преку Надбискупијата има обезбедено простор (црквата св. Рок) за редовни богослужби. Бискупот Кошиќ искажа топло добредојде, и на новоназначениот епископ Пимен му посака успех на нивата Господова и просперитет на Европската епархија. На средбата во Амбасадата на Р. Македонија беа искажани взаемни задоволства околу соработката на Амбасадата и црковните општини, со надеж дека во таа насока ќе се движат и понатаму.





Особено значајна беше средбата со градоначалникот г. Милан Бандиќ, кој се заложи во најскоро време службите од поглаварството да обезбедат локација за изградба на Македонска православна црква во Загреб.

Посетата на Р. Хрватска беше заокружена со одслужување на Божествена архијерејска литургија на 14 мај 2006 година, каде поголем број верници се причестија со светите Христови тајни. Епископот Пимен го пофали активниот литургиски живот во оваа црковна општина и работата на парохискиот свештеник отец Кирко Велински и целиот Управен одбор.

Во понеделникот на 16 мај, пред заминување за Македонија, Неговото Преосвештенство г. Пимен го посети претставништвото на "Алкалоид" во Загреб и се задржа во едночасовна средба со директорот г. Невен Сукаровски, при што ја искористи приликата да му се заблагодари за финансиската помош, за целиот престој на делегацијата во овие неколку денови и им посака здравје на вработените и уште поголем напредок на претставништвото.

На испраќање, целивајќи ја десницата на епископот, побаравме Архипастирски благослов и замоливме што побрзо пак да нè посети.

Ѓакон Горан Стојчевски

# ИНТЕРПУНКЦИЈА

(продолжение)

## ДВЕ ТОЧКИ (:)

*а)* Две точки се пишуваат зад збор или израз со кој се опфаќа она што потоа се набројува:

Во овоштарникот видовме разни овошки: круши, јаболкници, сливи, праски, кајсии и др. – Домашните животни се: коњот, волот, овцата и др.

*б)* По зборот што го опфаќа набројувањето можат да дојдат зборовите: *на пример, како, и тоа, имено* и др. По нив пишуваме две точки:

Три работи сакам да подвлечам, имено: (следува набројувањето).

И кога нема збор што опфаќа набројување, а е потребно да се покаже дека следува набројување, пишуваме две точки:

Пред очите му излезе: и вчерашната битка, и ѕверениот непријател, и крупната фигура на командирот и неговиот висок глас.

Кога се наведуваат туѓи зборови, непосредно пред нив се пишуваат две точки:

А Бино рече: "Така си е, Иљо, туку што можеме да правиме?"

*в)* Две точки пишуваме по реченица зад која следуваат една или повеќе реченици што обично го дообјаснуваат реченото во првата реченица или ја содржат причината за она што е речено во таа реченица:

Ние сме уверени: ти ќе постигнеш успех. – Тоа е мајсторство: секогаш да си меѓу најдобрите.

*г)* Место две точки може да се стави и црта:

Капење нема – матен е Вардар.

## ТРИ ТОЧКИ (...)

*а)* Три точки се пишуваат за да се покаже дека речта е незавршена:

Со глава ѕид не се турка... На, ајде, кажи им на младиве. Што наумиле, тоа прават...

*б)* По незавршена реч во која има прашални или извични реченици и изрази, зад прашалникот или извичникот следуваат обично уште две точки еднопо-друго:

А-ха! Хм!... Денеска не си читал, значи?...

Неколку точки се ставаат и за да се означат запињањата во зборувањето, па и во зборот:

Лицето му е, така да се рече... хе, сообразно со звањето, разбирате... со високиот чин... таков му е изразот, разбирате.

## ЗАГРАДИ ( )

Во загради се ставаат дополнителни објасненија, забелешки, прашања, со кои поточно се определува кажаното пред тоа:

Во поемата среќаваме и историски реминисценции (Илинден, мачење по затворите на Солун, гемиџиите и др.) и често повторувани укори против оние што само вреват за Македонија.

*а)* Во загради се ставаат реченици, фрази, изрази што укажуваат на односот на слушателите кон кажувањето, говорот на некого:

Да живее Република Македонија! (Долг и силен аплауз.)

*б)* Ако по точката следува полна реченица (објаснение и сл.) што сакаме да ја ставиме во загради, тогаш на нејзиниот крај ставаме точка, па потоа завршна заграда:

И затоа неговите аргументи ќе бидат земени предвид. (Се разбира, и аргументите од другите ќе се разгледаат.)

Во загради се пишуваат податоците што следуваат по цитатот (презимето на авторот, називот на делото од каде што е земен цитатот, и сл.).

"Делото што го започна Пејчиновиќ, Миладиновци и Жинзифов – пишуваше Рацин во 1940 година - скршнато еднаш од историските неминовности по друг пат, ќе ѝ се врати сега на својата матица" (Кочо Рацин, Стихови и проза, изд. на Култура, Скопје 1966, с. 221).

Марија Георгиева-Петриќ, судски преведувач за македонски јазик
(Според *Правописот на македонскиот литературен јазик*, Скопје 1999)

# Лилјана Димова - Петернел

Родена во Битола во жешкото лето 1957. По хороскоп - лавица.

Се школува и пишува во градот кој и денес го носи во срцето – Битола.

За својата поезија ја добива својата прва награда кога има 11 години, а потоа следат јавни настапи, државни награди, Струшките вечери на поезијата, кои заедно резултираат со неколку збирки поезија.

Во Загреб доаѓа во 1974.

Студира и пишува, се вработува и пишува.

Животот ѝ станува пекол, а поезијата чистилиште, надополнување и бегство од самата себе. Полека и сигурно продолжува со објавувањето книги чиј број и наслови веќе не се важни (па зарем сите ние не сме само бројки и наслови на овој век?!).

Тоа се причините што во овој број на "Македонски глас" сакаме да ја претставиме Лилјана Димова – Петернел. На што таа ќе рече: "Изразувам голема жал што не можам да бидам со вас и меѓу вас, ама, најискрено и најтопло сите ве поздравувам!"

## БЕСНА ПРИРОДА

Поведен со торпедна сила,
Торнадото
Во секунда, веселбата на земјата,
Ја замени со црна тага.
Бангладеш - тајфуни,
сè однесоа со себе.
Јужна Флорида – Хурикани,
Земјата ја грабна за една четвртина
од другата страна од водите, од морето.
Во Сицилија, горат гротла, пламени огнови,
Лавата шишти во ватромет до небо,
В оган пламен, во пепел го претвори
Секаквиот живот што се обиде да живее и старее.
Потреси, поплави,
Величествени глетки на цунамите,
Спирални пијавици,
Со грубост ги откинуваат богатствата
од корката на земјата.
Во јаук пиштат во болки се стивнуваат,
животите исчезнуваат во бесот на природата.

## ГРАДОТ НЕМА ШТО ДА РЕЧИ

Кога заморот и виката на луѓето ечи,
Музиката, прометот, алатот кога звечи,
и кога дожд и магла по реката влечи!
Градот, нема што да речи.

Кога сонцето од утро не престанува да печи,
На саатот времето без милост кога си течи,
И кога газењето калдрмата ја гнечи,
Градот, нема што да речи.

Кога тагата и јадот во кичмата те сечи,
По црквите и манастирите пред бога кога се клечи,
И кога животот во него ништо не може да го спречи!
Тогаш, градот, нема што да речи.

## БИСЕРНИЦА

Школка сум,
без камен,
да се прифатам.
Не отварај
Не клавај песок,
Не сум бисерница,
Само рани остануваат.

## BISERNICA

Školjka sam,
Bez kamena
Da se prihvatim.
Ne otvaraj
Ne ubacuj pijesak,
- nisam bisernica,
samo rane ostaju.

# Вангел Дуноски

Др.арх. Вангел Дуноски е поет, Хрват, од Заедницата на Хрватите од Македонија, огранок Охрид - Струга. Пишува на македонски и хрватски јазик.

## NADA

Ako,
Neko i nekada
Ne može
Da mi oduzme nadu
To je zato
Što Bog
Mi dao
Vjeru i pamet
Da razmišljam
I planiram stvari!
Ali,
Kako da se odnosim
Kada nemam prava
Ni planirat.
Gde mi otišla nada!

Разговор

Лилјана Милишиќ - Димовска

# ИЗЛОЖБА "ПАТ КОН СВЕТЛОСТА"

На 19 мај 2006 година во Галеријата "Бауер" во Света Недела, покрај Самобор, отворена е изложба на слики "Пат кон светлоста" на сликарката Лилјана Милишиќ Димовска.

Изложбата ја отвори д-р Инес Балинг, началничка на општината Света Недела, која изрази задоволство заради таа културна манифестација во таа мала општина и благодарност на посетителите.

Тоа беше прилика да разговараме со сликарката Лилјана Милишиќ Димовска и да ја претставиме на нашите читатели.

**МГ:** Претставете им се на нашите читатели, од каде е Вашето потекло, односно потеклото на Вашите родители?



Dimovska: Rođena sam u Bitoli 1955. godine, otkud je i moj otac. To bi trebao biti i moj materinji jezik. Na žalost, ne govorim makedonski, no sve prilično razumijem. Mnoga ljeta moga djetinjstva vezana su uz Makedoniju, sjećanja na prekrasne krajolike, plantaže marelica, vinograda, bespuća, polja dinja i lubenica.

Po iskopinama Herakleje provela sam dane dotičući prošlost, pokušavajući je vezati uz vrijeme bivstvovanja.

Kako je moja majka Dalmatinka, tako sam svoje djetinjstvo, mladalaštvo i školovanje provela u Zadru, gdje sam diplomirala filozofiju i sociologiju na Filozofskom fakultetu u Zadru.

**МГ:** Кои патишта Ве доведоа во Загреб, односно до Света Недела?

Dimovska: 80-tih godina dolazim u Zagreb, gdje u bračnim vodama nastavljam svoje putovanje. Kako je Sveta Nedelja nadomak naše metropole i u prekrasnom ambijentu, a moja žudnja za prirodom sve veća, tako je ovo malo pitoreskno mjesto moje novo obitavalište.

**МГ:** Ова е прилика преку нашето списание Македонците кои живеат во Хрватска и нивните пријатели да се запознаат со Вашето сликарство. Од кога датира Вашето изразување во сликарската уметност?

Dimovska: Slikarstvom se bavim od ranih 80-tih. Član sam Likovnih udruga GRUPA 69 i Fortuna-art iz Zagreba. Likovna sam dizajnerica Motonautičkog saveza Hrvatske BOAT GP Croatia - Formula 2000.

**МГ:** Која техника ја користите во Вашето сликарство?

Dimovska: U mom slikarskom izričaju nakon jedne rane kolorističke faze, najprisutnija je grafička tehnika, kojom zapravo za sada najbolje iskazujem svoja likovna traganja.

MG: Kako je došlo do predstavljanja Vaših slika u Galeriji "Bauer"?

Dimovska: Čelništvo općine Sveta Nedelja i njezina načelnica Ines Baling, predsjednica Turističke zajednice Renata Čaržavec i Alen Nemet, urednik Svetonedeljske kronike na OTV-u, imali su puno sluha za sva kulturna zbivanja u svom okruženju, pa je tako došlo i do realizacije moje izložbe u tom gradiću. Ovom se prilikom svima najsrdačnije zahvaljujem.

**МГ:** На отварањето на Вашата изложба под име "Пат кон светлоста", многубројната публика беше воодушевена со Вашите слики. Што Ве инспирира да дадете така интересен наслов на Вашата изложба?

Dimovska: Zašto "Put ka svjetlosti"? Mojim filozovfskim razmišljanjima i traganjima za onim iskonskim, vrijednim smislom našeg postojanja, jest zapravo Svjetlost i toplina onog humanog, u stvari BOŽANSKOG traga u nama samima koje moramo osjećati i slijediti u našim životnim realizacijama. Težim da pogled na moju sliku zapravo potakne iskricu te svjetlosti koja je u nama.

**МГ:** Кои се Вашите впечатоци од групната изложба во Задар и Сплит со македонските сликари кои живеат во Хрватска и очекувате ли понатамошна соработка со нив во рамките на Заедницата на Македонците во РХ?

Dimovska: Zahvalna sam na pozivu i sretna sam što sam izlagala s mojim kolegama, makedonskim slikarima koji rade i žive u Hrvatskoj. Nadam se da će, suradnja sa slikarima, umjetnicima i sa Zajednicom Makedonaca, biti još jezgrovitija i da će mi Zajednica dati potporu i u dogledno vrijeme organizirati samostalnu izložbu što bi mi bila posebna čast.

Марко Паризоски

КРУНИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ

# ДВЕ ИЗЛОЖБИ ВО ДВА МЕСЕЦИ



За ангажираноста на македонскиот сликар Крунислав Стојановски, кој работи и живее во Хрватска, говорат двете изложби што тој ги отвори во последниве неколку месеци.

Првата на 23 март 2006 година беше отворена во изложбениот простор на Даночната управа, а ја претстави Срећко Планиниќ. Темата беше насловена "КРИСТАЛИ", за која проф. Енес Љуиен при претставувањето на сликите, меѓу другото, рече: "Krunino slikarstvo prije svega je izravan "prijenos" emocija i strasti, prepune melodije i ritma. Svaka se boja svojom gusto om odra ava kao zvuk. U ovim se slikama uvi a kompozicijska isto a i estetska harmonija. Za shva anje ovog slikarstva poma e nam ulni sud koji donosi i shva anje sklada i jedinstva preoblikovanje prirode, koja se u Kruninim slikama pretvara u netaknutu, najljepšu i naj iš u prirodu slike. "Kristali", ime ove izlo be, isti su derivati ljepote prirode, uzorci nepatvorene ljepote mineralne, anorganske prirode."

Втората изложба, под име "ЛИЦА", имаше неформално отворање на 6 јуни 2006 година во Галеријата "Букса". Пред повеќето млада публика, беа претставени слики насликани во минатиот десетгодишен период. Меѓу бројните насликани лица една линија е константна - изразот кој се "гледа" на платната, впечатливо ги обликува лицата чии изрази се со назначени и ококорени очи, отворени усни, од кои излегува "мунковски" крик. За тие слики не може да се рече дека се конкретни портрети туку портрети на своевидна душевна состојба. За еден дел од тие „лица" може да се каже дека се одраз на луѓето од нашата близина.

М. Паризоски

Наместо пригоден текст за обичната жена, портрет на г-ѓа Тања Проданов од МКД Кочо Рацин од Пула

# "АЛО МАМА"

Кога почнува и завршува еден работен, или поточно, нормален ден, не можам да знам, но верувам дека тоа не го знае и мојата соговорничка, потпретседателката на МКД "Кочо Рацин" во Пула, госпоѓата Тања Проданов. Сепак, таа вели дека за сè има време, особено кога повеќе не ги вози децата од Премантура во Пула на училиште, на лекар, по слободни активности... Таа станала многу вешта возачка совладувајќи ги секојдневно кривините од најубавиот дел на истарското крајбрежје, возејќи ги своите три деца. Вели дека сега й е полесно. Децата пораснале. Матео има 13 години, оди во основно училиште, исто како и неговата две години помала сестра Александра и 7-годишниот брат Никола. Браќата тренираат џудо, таеквандо и свират пијано, а сестрата оди на ритмичка гимнастика и балет.




Денот на Тања започнува со мачно будење на децата, подготвување појадок и возење до училиште според распоредот на часовите и активностите. Во случај на промена, тука се четири мобилни телефони. "Рапортите" редовно и уредно течат за сè што е завршено, извршено и она што следи. Доколку има нешто особено, се јавува неизоставно "Ало мама!"

Откако ќе ги завршат обврските на училиште, децата се прибираат дома на ручек, па според распоредот следи одмор, учење, пишување домашни работи и доколку има, одење на попладневните слободни активности...

– Ги научивте ли и Вие боречките вештини? - ја запрашав Тања. - Се разбира!, одговара таа со насмевка. Без тоа не бидува, бидејќи морам да бидам на висината на должностите и задачите.

Од кога децата ќе заспијат, мајка им ќе замеси нешто убаво: баничка, ѓеврек, симити за утрешниот појадок. Покрај сето ова, доколку нешто не ги спречи, патува со своите деца на настапите од МКД "Кочо Рацин" во Пула, пишува прилози и статии, подготвува испити за нострификација на училишното образование, организира активности и многу чита.

На прашањето "од каде време", Тања нормално одговара: "Има време за сè, само треба анализа и селективност во распоредот, располагање и користење. Жената треба да се сврти кон себе, да го разгледа и изанализира својот статус, состојбата и обврските, па рационално да поработи на тоа. Прво мора да се најде време за себе, за изгледот и статусот, што и ги отвора сферите на другите успеси, постигнувања и сопствениот настап и дигнитет.

Р. Димовски





PATAK

Ide, ide patak
Na daleki put.
Repić mu je kratak,
A kljun mu je žut.
Kao vojnik stupa
Trata rata ta,
Ide da se kupa
Kva,
Kva,
Kva,
Kva,
Kva.

ŽABICE

Kreke, kreke, kreke,
Stale žabe pokraj rijeke.
Klepe, klepe, klepe.
Roda kaže: "Al su lijepe."
Čule žabe rodu,
Pa hop, hop - u vodu!

RINGA, RINGA, RAJA

Ringa, ringa, raja,
Puna zdjela jaja.
Jaja smo pojeli.
Zdjelu smo potrli.
Cifer, cafer, jedan krafel,
Tulu, lulu, lu!

ECI, PECI, PEC

Eci, peci, pec,
Ti si mali zec,
Ja sam mala vjeverica
Eci, peci, pec!

TAŠUN, TAŠUN, TANANA

Tašun, tašun tanana
Ide baka s tavana.
Nosi jednu koku
I pilića punu korpu.

BRZONOGI ZEC

Jedan zeko duga uha,
Brzih nogu, dobra sluha,
Zeleni kupus jako voli
Pa ga jede i bez soli.

Posvećeno našim
najmlađim čitateljima





# ОЈ НЕДО, НЕДО




Ој Недо, Недо мори земи ме Недо, x2
ако не ме земиш Недо, ветрот ќе те земе кучке, што мана ми најде. x2

И није сме Недо мори луѓе чорбации,
и ние имаме Недо големо богатство,
од жаба нога Недо цела пастрма,
па се надеваме Недо свадба да правиме кучке , тебе да земиме. x2

Ој Недо, Недо мори земи ме Недо x2
ако не ме земиш Нед,о ветрот ќе те земе кучке, што мана ми најде. x2

И ние сме Недо мори луѓе чорбации
и ние имаме Недо големо богатство
од глувче меше Недо полно је со вино,
па се надеваме Недо свадба да правиме кучке, тебе да земиме. x2

# СКАНДИНАВСКИ КРСТОЗБОР



| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РОПЕ | НАШ ПЕЈАЧ (ФОТОС) | НЕПРОФЕСИОНАЛИЗАМ | СРЕДНОВЕКОВНА ИТАЛ. КОМЕДИЈА | Т | ОТВОРЕНА ГАЛЕРИЈА / ВОДАЧИ (АНГЛ.) | М. ИМЕ (СТАНЕ) / ПРВИОТ МИТОЛОШКИ ЛЕТАЧ | С | | | | | |
| ВЕШТАЧКА СМОЛА ЗА КУКИШТА НА ЕЛ. УРЕДИ | | | | | | | | | | | | |
| ЧЕТИНАР ОД РОДОТ СМРЕКИ | | | | | | | | | | | | |
| МУСЛИМ. М. ИМЕ / МОЗОЛЧИЊА | | | | | | | | | | | | |
| М | | | | | | | | | | | | |
| Е | | | | | | МАЛТА / НЕПОТРЕБЕН ТОВАР | | | | | | |
| ВИД ГЛАДИЈАТОР / ПРОСТ БРОЈ / МЕЛОДИЈА | | | | КРАЛ ОД ДЕЛОТО НА А. ЖАРИ / Ф-КА ЗА ВЕШТАЧКО ЃУБРЕ (МН.) | | | | | | | | |
| А | | | | | АРГОН / ПАДЕЖ ВО УГРО-ФИНСКИТЕ ЈАЗИЦИ | | | СЛЕДБЕНИЦИ НА РАСИЗМОТ / АРТИСТКАТА ДЕРЕК | Р | СТОТИНКА, СТОТИЦА | РЕОМИР | ПРВАК |
| ЕВРЕЈСКИ БОГ НА ПАСИШТАТА | | | | | | | ГРАД ВО ИРАК / НЕТО | | | | | |
| ОГОРЧЕНОСТ | | | | | | | | | | | СИМЕНС / ДОЛЕН ДЕЛ ОД ЅИДОТ (МН.) | |
| СКАПОЦЕН КАМЕН СО ВИОЛЕТОВА БОЈА | | | | | | | | МЕЃУНАР. ОЛИМПИС. КОМИТЕТ (СТР.) / ДЕЛОВЕН ЗАКУП НА ОДРЕДЕНО ВРЕМЕ | | | | КИЛИБАР |
| НЕПЕР | | АВТОРОТ НА "ВОЈНА И МИР" / ТЕНИ | | | | | | | | | | |
| ПОСМРТНО ЛЕГЛО | | | | | АНТОН ЧЕХОВ | НИВА ПОКРАЈ РЕКА | ОСТРОВОТ НА ОДИСЕЈ / ШТАВЕНА ОВЧА КОЖА | | | | | |
| ИТАЛ. АРТИСТКА | | | | | | | | | | ЛОН НОЛ / ИЗБРАНА УБАВИЦА | | |
| ЗАШИЛЕНО ДРВО | КУЧИЊА ЗА ЛОВ НА ПТИЦИ / РЕКА ВО СИБИР | | | | | | | | ЛЕГЕНДА / Ч.У. | | | |
| К | | | | | САДОВИ ЗА ПИЕЊЕ КАНИ (ДЕМ.) / ВОЛТ | | | | | | | |
| БИЗМУТ | | | ЖАЛНА ВРБА | | | | МОРСКИ РАЗБОЈНИК | | | | | |

ПОТСЕТНИК: ЈАСПИС - украсен камен; ЕСЕДАР - вид гладијатор; АЗАЗЕЛ - еврејски бог на пасиштата;


HIS MAJESTY IS BACK.
GARFIELD 2
IT
MOSCOW
JAPAN
ROME
GB
PARIS
F
USA
LASAGNA

# СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ - ЧУДОТВОРЕЦ

Ако во сеќавањата на македонскиот народ Св. Климент Охридски е познат како просветител кој го збогатил овој народ со писменост и многубројни духовни творби, неговиот содеец, свети Наум Охридски, е познат како "татко на монаштвото".

За свети Наум Охридски не се знае многу, но од историските извори се гледа дека тој, заедно со свети Климент, бил еден од најистакнатите ученици на светите браќа Кирил и Методиј. Се знае дека учествувал во Моравската мисија и дека при посетата на Рим кон крајот на 867 или почетокот на 868 година, римскиот папа Андријан втори го ракоположил во јеромонашки чин. По сите зла, нанесени од германското свештенство во текот на Моравската мисија, свети Наум, по смртта на свети Методиј, преку тогашна Бугарија, во 885 година пристигнал во Македонија. Од тогашниот бугарски цар Симеон, претходно ракоположениот епископ Климент бил испратен во Охрид, а на местото учител бил поставен Наум. Во историјата постојат тези, според кои свети Климент и свети Наум биле родени браќа, но овие тези се изведени само врз основа на обраќањето еден кон друг и затоа не можат да се земат за точни.

Во периодот кога Климент епископствувал во Охридскиот регион и ги основал првите училишта за описменување на словенското население, свети Наум се повлекол во тихување со идеја на брегот на Охридското Езеро да подигне манастир. Манастирот, посветен на светите архангели, набрзо бил изграден, а свети Наум таму нашол духовен спокој. Набрзо по организирањето на манастирскиот живот, манастирот стекнал голем углед меѓу месното население, кое често се обраќало кон свети Наум за помош. Не одбивајќи ги молбите за совети, свети Наум ги поучувал луѓето не само за верата, туку и за земјоделието, овоштарството и за многу други работи од секојдневниот живот. Од преданието кое ни останало за овој свет човек дознаваме за многу полезни примери како еден монах може и треба да живее. Освен по црковната дејност, свети Наум е познат како македонски средновековен писател и културен деец. Се претпоставува дека напишал повеќе творби, но потврдено е дека е автор на Канонот на свети апостол Андреј и уште други два канони.



По долгиот испоснички живот, свети Наум се претставил пред Господа на 23 декември (стар стил) 910 година, а наскоро потоа поради својот свет живот и чудата направени по молитвите на монахот Наум, бил канонизиран за светител. Моштите на свети Наум биле положени на северната страна од храмот, а подоцна е изградена и посебна просторија во внатрешноста на храмот каде што верните можат да му се поклонат на светителот. Неговите собраќа и ученици за него напишале житие и служба. Црквата Христова го празнува на 23 декември како ден посветен на свети Наум Охридски - Чудотворец, но бидејќи овој ден паѓа непосредно пред Божиќ, празникот е преместен на 20 јуни (3 јули, нов стил).

По смртта на свети Наум Охридски, манастирот кој бил посветен на светите архангели бил преименуван во "свети Наум Охридски" поради големата почит кон светителот. Најверојатно е дека ова преименување се случило во 12. или 14. век. Во 1662 година, игуменот Гаврил изградил болница во манастирот, а во 1711 година манастирот страдал од пожар, но набргу бил обновен. Бил поставен дрвен, во длаборез изработен, иконостас, а живописан е од јеромонахот Константин. Во почетокот на 18. век во манастирот имало околу 60 монаси, а подоцна монашкиот живот значително опаднал.

Култот на свети Наум во македонскиот народ растел како изминувале вековите. Низ цела Македонија и секаде каде што има македонски народ и денес и во минатото се граделе и се градат храмови и манастири посветени на охридскиот чудотворец.

Личноста и делото на свети Наум може да ни послужи како пример и во денешно време, време на поделби и меѓунационални омрази; пример кој сведочи за еден лик, кој со својата самопрегорност ги зближувал луѓето во духот на евангелската љубов и ги учел да се почитуваат и взаемно да си помагаат.

О. К.Велински



## СУПА ОД ЦЕЛЕР СО БИСКВИТ

**Потребно е:**
2 китки целер
1,5 л вода
1 кафена лажица анис
1 кафена лажица црн бибер
1 кафена кажица сол
2 јајца
рендано морско оревче
40 г брашно
1 лажичка рендан пармезан

**Подготовка:**

Измиените стебленца и листови целер ситно исецкајте ги. Коренот од целер исечете го на коцки. Варете го зеленчукот во посолена и со црн бибер зачинета вода. Кога зеленчукот ќе биде сварен, процедете го преку газа.

За бисквитот е потребно јајцата пенесто да ги изматите со една лажица вода. Додадете ги брашното, пармезанот, морското оревче и малку сол. Тестото печете го 15 минути во рерна загреана на 175 степени. Изладениот бисквит исечете го на ромбови, ставете го во чинија и прелијте го со супата. Украсете со листови целер.



## СКУШИ ВО РОЗОВ СОС

**Потребно е:**
8 филети скуши
лимунов сок
1 кафена лажица здробени зрна црн бибер
1 главица кромид
50 г путер
100 мл вино розе
100 мл слатка павлака
масло за јадење
мелен црн бибер
сол

**Подготовка:**

Измиените и исушени во крпа филети скуша засечете ги на неколку места, прелијте ги со сокот од лимун, посолете ги и наросете ги со мелен црн бибер. Испржете ги и ставете ги на топло место. Исецканиот кромид испржете го на путерот, па откако ќе зарумени додајте ги виното и павлаката, посолете и зачинете го со зрната бибер. Топлите филети послужете ги на розовиот сос, декорирани со кругови лимун и гранчиња нане или босилек.

# ТОШЕ, ТОШЕ, ПА ТОШЕ...



Риека: Со песната "СОНЦЕ ВО ТВОИТЕ РУСИ КОСИ", виртуозно отпеаната балада, Тоше Проески ги допре многумината кои телефонски се распрашуваа во Приморското радио пред уште четири години за песната и интерпретаторот, тогаш непознат за Хрватите. Четири години подоцна, тој овде се претстави со два албума - "Ден за нас" (2004) и "Те следам" (2005).

Овој втор настап на Тоше во Риека сигурно остави голема трага, не само за Тоше туку и за македонската забавна музика, потсетувајќи на незаборавниот виртуоз на гитара Влатко Стефановски, кој на овие простори последниве години е чест гостин.

Но, да се вратам на Тоше. Салата на Трсат, во која 6.000 грла гласно пееја со Тоше, со денови се подготвуваше за овој концерт. Тоше во Риека можеше насекаде да се види: на градските панои, на многу ѕидови, тараби, излози, во сите дневни весници, радија и ТВ канали, во голема рекламна кампања организирана од ПРИМОРСКОТО РАДИО - РАДИО ОПАТИЈА. Тоше ја воодушеви женската публика, но и машките не остана равнодушни, што за организаторите беше шанса да го ангажираат за целовечерен концерт.



Проески не дојде сам. Тој го повика целиот симфониски оркрестар "Алеа", составен од педесетина млади професионални музичари на возраст од 20 до 35 години, на чело со диригентот Саша Николовски - Ѓумар од Битола.

Риечкиот градоначалник Оберснел го прими популарниот македонски пејач во својата канцеларија и му врачи подарок - морчич (градски симбол) и монографија на град Риека. Потоа градоначалникот заедно со гостинот прошета низ риечкото корзо, а во прошетката беше вклучено долготрајно фотографирање со минувачите, особено со девојките кои сакаа да бидат што поблизу до Тоше. Симпатичниот гостин стрпливо делеше автограми. Една од девојките гласно се фалеше на колешката: "Супер, добив автограм, ме бакна, одам вечер на концерт."

На средбата кај градоначалникот меѓу многумината беа присутни и претставници од Домот за жени и деца жртви на семејни насилства "Света Ана", предводени од милосрдната сестра Сузана Самарџиќ, на кои Тоше им подари ЛЦД проектор и лаптоп.

Вечерта на 1 јуни салата "Младост" во Риека како да гореше. Наполнета до последно место, ова најголема ѕвезда на македонската поп музика со својот прв самостоен концерт во Риека докажа дека моментално е најпопуларниот пејач во Хрватска. Од првото излегување на бина владееше еуфорично расположение. Прекрасниот настап на Тоше го надополнуваше симфонискиот оркестар "Ареа", атрактивните светлосни ефекти и најдобрата публика на светот. Концертот кој траеше скоро три часа заврши успешно како вистински музички спектакл.

В. Настески

# ПРВА КЛАПА НА *КОСКИ* НА МИЛЧО МАНЧЕВСКИ

Скопје, 17 јуни (МИА) - Првата клапа на копродукцискиот филмски проект *Коски* во режија на Милчо Манчевски денеска "падна" во студиото Хемтекс во Скопје. Филмот ќе се снима до крајот на август, во најголем дел во студиото и на локации во Скопје, а мал дел во Охрид и во околината на Штип. На првата клапа присуствуваа и министерот за култура Благоја Стефановски, градоначалникот на Скопје, г. Костовски, филмски работници, како и неколку странски новинарски екипи. *Коски* е потресна урбана приказна за млад доктор кој треба да се најде себеси за да може да ја исполни задачата која се чини дека му е наметната по сообраќајката, во која едвај останува жив. Појавата на една чудна баба и љубовта на мистериозната Менка ќе го натераат младиот доктор Лазар да почне да ја разоткрива тајната на наследената вина и одбиената одговорност.



Режисерот на филмот Манчевски, кому по *Пред дождот* и *Прашина*, ова му е трет филм, изјави дека му се важни две работи, и тоа *Коски* да биде убав филм, односно да биде *парче вкус* и во Македонија да се воспостават стандарди и да се покаже дека се работи исто како и во Европа и оти одовде може да се однесе светски производ.

На филмот работат британскиот продукциски дизајнер и оскаровец Дејвид Манс, италијанската снимателска ѕвезда, Фабио Чанкети, познат како директор на фотографија во филмовите на Бертолучи и на Роберто Бенини. За музиката е ангажиран композиторот Збигњев Преизнер, кој повеќе децении соработуваше со режисерот Кшиштоф Кишловски и ја создаде музиката во неговиот филм *Три бои: сино, бело, црвено*. Во музичкото оформување на *Коски* учествува и Кирил Џајковски, кој веќе има работено за филмовите на Манчевски.



# Македонско девојче Мис Универзум

Сплит: На годинешнава манифестација Мис Универзум на Хрватска Биљана Манчиќ беше прогласена за најубава. Иако овој настан преку малите екрани го следеше целата земја малкумина знаат дека оваа убава девојка по потекло е од Македонија. Тоа ни го соопшти мајката на Билјана, г-ѓа Горица Манчиќ, која ги покани членовите на МКД "Македонија" во својот дом на мала свеченост, што ја приреди по повод овој среќен чин.

Билјана пристигна со новиот автомобил, кој, заедно со круната, го освои на изборот на Мис Универзум. Со чекор на газела, во нејзините очи се гледаше гордост и радост. Само кусо изјави: "Секаде е убаво, ама Сплит е мојот дом!"

Билјана Манчиќ има само 19 години и планира да ги продолжи своите студии по менаџмент во Сплит. И посакуваме сè најубаво!

А. П. Урдинова

# ПАТУВАЊЕ КОН КОРЕНИТЕ



Велат дека соништата ретко се остваруваат. Меѓутоа, за многу од нас вљубеници во најубавата земја или потомци на тој народ, сонот почна да се остварува на 20 мај годинава. Во тоа рано утро тргнавме "Таму каде сонцето вечно свети". Верувајте, навистина свети.

Тргнавме исполнети со надеж, некои од нас повторно да ја видат земјата каде се родени, пораснале и ја поминале својата младост, некои од нас да ја видат земјата на своите претци и да им ги покажат на своите поколенија своите корени, други пак да си ги видат родните, а некои да ја видат земјата кон која чувствуваат симпатија.

Патот не беше кус, но членовите на секциите на МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек направија патот да се помине брзо и весело, со јадења направени од кулинарската секција, распеаната група "Вардарки" и неуморниот армоникаш Пеце. Кога ја поминавме македонската граница кај некои патници видов солзи во очите. Поминувајќи крај градовите на нашите претци каде растеле нашите дедовци, татковци, мајки и баби, заедно плачевме, бидејќи во местото каде што е твоето срце добро знаевме какви се чувствата.

Првиот ден од нашиот престој во татковината го измами погледот на Охридското езеро, најстаро на Балканот, кое е воедно најбистро и најчисто на светот. Со брод отидовме до манастирот Св. Наум, сместен на најјужната точка на брегот на Охридското езеро. Се воодушевувавме од убавините на манастирот, со малата капела посветена на Св. Архангел и гробот на Св. Наум. Прекрасната слика на крајоликот емотивно нè "зароби" со својата убавина.

Вториот ден го посетивме стариот дел на Охрид, и тоа само дел од 365-те цркви и манастири колку ги има во градот. Меѓу другите, ја посетивме црквата во која Св. Климент го основал Првиот универзитет со 3.500 ученици и Охрид станал центар на словенската писменост уште 9-от век. Денес таа црква е позната по тоа што во неа се одржуваат бројни концерти на реномирани светски музичари во рамките на фестивалот "Охридско лето". Кога слегувавме во градот наидовме на остатоците на Самоиловата тврдина и на античкиот амфитеатар. Покрај сите овие убавини Охрид е карактеристичен и по изработката на "Охридскиот бисер".

Денеска Охрид е најголемо културно и туристичко средиште во Македонија, заштитен од УНЕСКО. Со субмедитеранската клима и големото езеро имате впечаток дека се наоѓате на бреговите на Јадранското море, а темпераментот и срдечноста на Охриѓани ве прават на секој чекор да се чувствувате добредојдено.

По краток одмор тргнуваме за Струга, градот низ кој тече реката Црн Дрим и родното место на браќата Миладиновци, чие име го носи и нашето Друштво од Осиек, а исто така и град надалеку познат по поетскиот фестивал, "Струшки вечери на поезијата". Во Струга добредојде ни посака градоначалникот, г. Рамиз Мерку, а ние го поканивме да ни биде гостин на нашата традиционална манифестација "Денови на Браќата Миладиновци" во Ѓаково и Осиек. Ја посетивме и родната куќа на Миладиновци, во која се наоѓа и бистата на нивниот мецена, J.J. Штросмаер. Се уверивме дека за големи визионери светот бил мал, и како жители на Славонија, а воедно и Македонци бевме горди на таа поврзаност.



Третиот ден на нашето патување го минавме во посета на градовите Ресен и Битола. Во Ресен ја посетивме најголемата вајарска колонија на светот со делата на уметниците од сите страни, на тема: "Сеќавање на Македонија", а која уште еднаш нè увери во волшебноста на Македонија. На крајот го посетивме античкиот град Хераклеа во Битола, кој настанал во 4-от век пред н.е.

Верувам дека сите ние оставивме еден дел од себе покрај Охридското езеро. Меѓутоа, сите бевме согласни во едно - "Пак ќе одиме во Македонија". Покрај брановите на Охридското езеро многу од нас не сонуваа, затоа што на многу од нас сонот им се оствари во јаве..

текст: Бранка Јањиќ
фотографии: Предраг Крстиќ



Илија Пенушлиски
“Поглед низ синиот прозорец”